ПАВЛИНКА ВЕЉАНОСКА

# ПРИРАЧНИК

по

## Музичко образование

за трето одделение

м-р Павлинка Вељаноска

# ПРИРАЧНИК

## по

## Музичко образование

за трето одделение



Почитувани наставници!

Музиката е еден од најмоќните начини на комуникација и изразување и е извор на инспирација и прекрасни емоции. Има големо влијание на психофизичкиот развој на децата и им овозможува да се развиваат на комплексен начин. Тоа е поддржано од бројни истражувања и студии кои ја потврдуваат врската меѓу музиката и различните аспекти на детскиот развој. Еве неколку начини на кои музиката влијае на децата:

*Когнитивен развој.* Слушањето и интерпретирањето музика може да ги стимулира когнитивните способности кај децата. Тие може да развијат способности, како што се: моториката, вокабуларот; способност за решавање проблеми и развивање на меморијата.

*Емоционални аспекти.* Музиката може да им помогне на децата да ја изразат својата емоционална состојба и да ги разберат емоциите на другите. Тоа може да помогне во стекнување емоционална интелигенција и емпатија кон другите.

*Социјална интеракција.* Слушањето и интерпретирањето музика може да го подобри социјалното поврзување и интеракцијата кај децата. Музиката често се користи како начин за комуникација кај децата, соработка и градење вештини за тимска работа.

*Развој на говорот.* Пеењето песни може да помогне во развојот на говорот кај децата, посебно при коригирање на неправилното изговарање на гласовите.

*Креативно изразување.* Преку свирење, пеење, импровизирање и танцување,децата можат да се изразат на уникатен начин.

*Контрола на стресот.* Со помош на наставниците, децата можат да ги препознаваат своите чувства и да влијаат на своето расположение. На тој начин ќе бидат посветени и сконцентрирани во учењето и во другите дневни активности.

Вашата улога како наставници на часот по Музичко образование е многу важна и инспиративна во развивањето љубов кон музиката и поттикнувањето на музичкиот талент кај учениците.

Прирачникот по *Музичко образование за трето одделение* е еден вид помагало за часовите и средство за збогатување и дополнување на вашата работа. Како основа се земени *Националните стандарди* според кои е изработена *Програмата*. При креирање на активностите се опфатени сите содржини и поими кои се директно поврзани со стандардите за оценување. Тоа е направено преку разновидни општи методи кои се приспособени на содржините, но и преку карактеристични методи од музичката педагогија (традиционален, Сузуки, Кодаљ). Сценаријата за час се изготвени според АИДА- моделот кој најмногу одговара на основните начела на новата *Концепција за образование,* со што се осовременува наставниот пристап, а учениците добиваат знаење преку искуствено учење и учење со размислување.

Различните современи техники се дел од мозаикот на сценаријата за час. Приспособени се според специфичноста на предметот и резултатите од учењето.

Во секое сценарио за час има меѓутематска интеграција на двете теми *Слушаме музика* и *Пееме, свириме и играме* затоа што музиката постојано во себе ги има овие сегменти. Има и меѓупредметна интеграција за да може содржините да се сфатат во поширок контекст. Во активностите се вметнати содржини од медиумска писменост, меѓуетничка и интеркултурна интеграција.

По сценаријата за час следуваат Материјалите за учење на учениците кои се базирани на стандардите за оценување. Овие Материјали ќе ја олеснат работата на наставникот и ќе бидат во функција на формативното и сумативното оценување, а на ученикот ќе му помогнат да ги утврди знаењата од часот.

Преку сценаријата за час се доближуваме до едноставни емотивни и креативни изрази, па овој *Прирачник* нека биде ваш поддржувач и помошник во водењето на вашите ученици по нивниот пат кон музичкото искуство и можност за инспирација и едукација, што ќе овозможи вашите ученици да ја почитуваат, сакаат и интерпретираат музиката. Тоа ќе го направите преку првите чекори во музичката писменост, пеењето и свирењето, творечката слобода и импровизација и запознавањето со различните видови музика.

Со најискрени желби за успешно и инспиративно музичко образование!

*Од авторката*

**Резултати од учење од темата *Слушаме музика***

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. препознава музички инструменти (гитара, хармоника) и групи инструменти (жичени, дувачки, удирачки) во оркестарски изведби;
2. разликува детска музика, народна музика, музика од анимирани филмови, класична музика и да препознава по неколку примери од секој вид;
3. покажува и поврзува по неколку музички изразни средства за да го процени карактерот во слушаните композиции;
4. препознава народни песни, игри и инструменти (тамбура/чифтелија, ќемане) на етничките заедници кои живеат во РС Македонија.

**Резултати од учење од темата *Пееме, свириме и играме***

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. пее песни, самостојно и во група, почитувајќи ги правилата и техниката на пеење;
2. свири на детски музички инструменти по слух со правилна техника на свирење со употреба на изучените музички елементи;
3. пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис со употреба на изучените музички елементи;
4. се изразува креативно (во согласност со карактерот на музиката) преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи.

# Насоки, упатства и активности за реализација на Наставната програма



# ДЕЦА РАСПЕАНИ

**Содржини и поими**
Песни и броеници во опсег до1 – си1
**Стандарди за оценување**
Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег до1 – си1
со правилен пејачки став и правилно дишење.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
На првиот час по предметот Музичко образование наставникот ги поттикнува учениците на дискусија: Дали сакате музика? Каква музика слушавте за време на летниот распуст? Колку песни знаете? Зошто децата треба да пеат? Дискусијата завршува со заклучок дека музиката треба да биде дел од нашето секојдневие, секое дете треба да пее за детството да му биде весело. Наставникот ја запишува на табла народната поговорка „Кој пее, зло не мисли“.



***Главен дел:***

**Активност 2**
Наставникот ги воведува учениците во активноста *Обработка на песна по слух* „Драги бато“*.* Оваа песна понатаму може да биде песна модел преку која ќе се усвојуваат нови содржини (брзо/бавно, отсечно/поврзано, тивко/гласно и сл.). Наставникот им објаснува на учениците дека ќе се запознаат со една од најпопуларните песни во светот испеана на многу јазици. Мелодијата е иста и тоа е всушност универзалниот јазик на музиката. Најпрво наставникот сам ја пее песната, а учениците слушаат. Потоа, бидејќи секој такт од песната се повторува уште еднаш, наставникот пее еден такт, а учениците следниот, па повторно наставникот, па учениците. На овој начин учениците побрзо ќе ја усвојат песната со точна интонација, ритам и текст. Песната се пее неколку пати, притоа наставникот инсистира на точна интонација. Може да покажува со раката како се движи мелодијата. Доколку има услови, наставникот може да придружува со инструмент, со хармонска придружба. Песната може да се пее со различна динамика (првиот такт гласно, вториот такт тивко). Може да се менува темпото и учениците да се поттикнат на дискусија кое темпо најмногу одговара според карактерот на песната (ако е многу бавно, можеби на бато уште му се спие; ако е многу брзо, можеби бато доцни на училиште).

**Активност 3**

**Музика и движење**

Наставникот ги поттикнува учениците да осмислат заедничка кореографија на песната. Кореографијата треба да биде поврзана со музичките целини, па така на спонтан начин учениците ќе ги воочат музичките целини (мотив, фраза). На пример, на првата фраза стојат на прсти и прикажуваат будење, на втората фраза ротираат околу својата оска. Во исто време пеат и ја изведуваат кореографијата.

**Активност 4**

Учениците може да се придружуваат со детски ритмички инструменти, импровизирани инструменти (кутија со училиштен прибор, две моливчиња и сл.) или со плескање со рацете и со пукање со прстите. Оваа активност се однесува на развивање на ритамот. Наставникот треба да им потенцира на учениците да внимаваат на точното тактирање. Може да се поделат во две групи, едната група да тактира на прво и трето време, а другата на второ и четврто време.

**Активност 5**

Наставникот ги поттикнува учениците да измислат свој текст на истата мелодија, но слоговите на текстот да одговараат на тоновите (еден тон, еден слог и правилно акцентирање со помош на наставникот). Потоа песната ја изведуваат со сопствен текст.

***Завршен дел:***

**Активност 6**

Преку аудиопример наставникот им ја презентира песната на учениците на други јазици (англиски, француски, албански, турски, српски и сл.). Учениците слушаат и го воочуваат јазикот. Може да пробаат да ја испеат песната на друг јазик (Материјали за учење – прилогот може да се испечати во форма на постер/МИО-содржини).

**Активност 7**

Учениците ја бојат боенката (Материјали за учење).

*Забелешка: Дадени се повеќе активности, а наставникот може да избере според интересите и способностите на учениците и условите за работа. Исто така, дел од активностите може да се реализираат за време на слободните ученички активности.*

***Рефлексија***

Која песна ја научивме денес? Што ви беше најинтересно на часот? Дали сите ја научивте песната?

**Средства**

Инструмент, табла, уред за слушање музика, наставни листови.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# БРОЕНИЦИ

**Содржини и поими**

Песни и броеници во опсег до1 – си1

**Стандарди за оценување**

Демонстрира јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажување броеници.

**Сценарио за час**

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот прашува кој сака да ја отпее песната од минатиот час. Учениците се пријавуваат, а наставникот почнува да кажува броеница за да одреди кој ученик ќе пее. Потоа ги поттикнува учениците да размислат кои броеници ги знаат и кога ги користат. Еден од учениците почнува и кога ќе стигне со броење до друг ученик, тој продолжува понатаму.



***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот презентира една броеница. Ги поттикнува учениците да ги одредат долгите и кратките слогови. Потоа заеднички се цртаат на табла со симболи (на пример, цветови). Во секој симбол се впишува слогот (корелација со мајчин јазик и Ликовно образование). Слоговите кои траат подолго се цртаат со поголеми симболи, а слоговите кои траат пократко, со помали симболи. Потоа секој ученик ја претставува својата броеница со симболи. Наставникот дава насоки за јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажувањето (Материјали за учење).

**Активност 3**

При интерпретација на броениците учениците може да се придружуваат со детски ритмички инструменти или да изведуваат различни движења во ритам (тропкање со нозе, пукање со прсти, плескање со раце, удирање по колена или комбинација од сите движења). Исто така, може да се поделат во две групи, едната група да интерпретира, а другата група да придружува со ритам.

*Завршен дел:*

**Активност 4**

Наставникот ги поттикнува учениците да размислат каде може да се користат броениците во наставата (на час по Физичко образование, во игри на часот кога треба да се одбере еден ученик за некоја активност и др.).

**Активност 5**

Наставникот ги насочува учениците да поразговараат со повозрасни од своето опкружување и тие да им ги кажат броениците од нивното детство. На тој начин броениците ќе се пренесуваат на следните генерации.

***Рефлексија***

Што учевме денес? Дали ви се допаднаа активностите? Која активност ви се допадна најмногу?

**Средства**

Прибор за цртање, табла, детски ритмички инструменти.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.



# ОТСЕЧНО/ПОВРЗАНО

**Содржини и поими**
Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно/брзо/умерено, високи/ниски тонови, гласно/тивко, поврзано/отсечно)

**Стандарди за оценување**
Идентификува аудитивни контрасти (високо/ниско, кратко/долго, бавно/брзо/умерено, гласно/тивко, поврзано/отсечно); идентификува различни музички изразни средства во слушаните композиции; идентификува карактер на слушаните композиции.



**Сценарио за час**



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот презентира две слики – кенгур и лебед. Ги поттикнува учениците да ги препознаат и да кажат кои информации ги знаат за нив. Наставникот дополнува со занимливи информации. *(Кенгурот е најголемо животно кое може да скока. Живее во Австралија. Може да скока со брзина од 70 км на час. Може да прескокне со еден скок растојание до 9 метри. Мајката кенгур на предниот дел од телото има џеб во кој го носи своето малечко додека не потпорасне. Лебедот е бела грациозна птица. Белата снежна боја на перјата ја добива околу третата година од своето раѓање. Може да лета, но најчесто плови по водната површина. Своето гнездо го прави веднаш до водата или на самата вода. Гнездото го прави од растенија и го обложува со пердуви.)*

***Главен дел:***

**Активност 2**
Наставникот им објаснува на учениците дека постојат композиции за кенгур и лебед. Потоа ги насочува учениците да се подготват за слушање музика и да почувствуваат како со тонови може да се претстават карактеристиките на животните. Го запишува насловот на композициите и името на композиторот на табла, а учениците ги запишуваат во тетратките.
По првото слушање, наставникот ги поттикнува учениците преку говорна вежба да ги искажат своите чувства. Учениците дискутираат.
Потоа уште еднаш се слуша композицијата, но наставникот им дава насоки на учениците на што треба да обрнат внимание: Какви се тоновите, поврзани или отсечни? Со каква брзина се изведува композицијата? Зошто е тоа така (поврзано со насловот)? Со која јачина се изведува композицијата? Кои инструменти ја изведуваат композицијата?
По второто слушање, учениците одговараат на прашањата.

Сен-Санс: **Лебед**
https://www.youtube.com/watch?v=cXEy_UfSgCU

На ист начин се слуша и втората композиција **Кенгур**. Се потенцира да се воочат отсечните тонови наспроти поврзаните. Наставникот ги поттикнува учениците да ги објаснат контрастите (поврзано – кенгурот одмара, отсечно– кенгурот скока). Се воочува и инструментот, темпото (брзо, бавно, умерено), динамиката (тивко, гласно).

Сен-Санс: **Кенгур**
https://youtu.be/8gjNhJ7l7Mk

**Активност 3**
Наставникот ги поттикнува учениците при повторното слушање на двете композиции да изведуваат движења (за да се потенцира начинот на изведба поврзано/отсечно). Потоа се дискутира за начинот на движење со начинот на изведба на композициите.

***Завршен дел:***



**Активност 4**
Учениците пополнуваат табела за слушаните композиции (Материјали за учење).
**Активност 5**
Учениците ги слушаат композициите уште еднаш и цртаат кенгур и лебед.

***Рефлексија***
Кои композиции ги слушавме денес? Дали композициите се пеат или се свират? Во која композиција имаше отсечно свирење? Зошто? На кој начин е изведена композицијата **Лебед**? (Поврзано)

**Средства**
Уред за слушање музика, презентација – илустрации или фотографии од кенгур и лебед, прибор за цртање, наставни листови.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ОБРАБОТКА НА ПЕСНА ПО СЛУХ

**Содржини и поими**

Песни и броеници во опсег до1 – си1

**Стандарди за оценување**

Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег до1 – си1, со правилен пејачки став и правилно дишење; пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам.

***Забелешка:*** *Обработката на песна по слух се одвива по утврдена методска постапка која опфаќа неколку битни чекори во главниот дел на часот. Придружните активности се според можностите и способностите на учениците во паралелката, условите за работа во училницата, способностите на наставникот да свири инструмент (хармонска поддршка при пеењето) и др. Затоа, во ова сценарио ќе бидат наведени битните чекори на кои наставникот треба да обрне посебно внимание и предлог-активности. Така, овој пример за сценарио ќе може да се приспособи за сите часови на кои ќе се обработува песна по слух. Наставникот треба да планира колку песни ќе се обработуваат во текот на учебната година, избира песни кои се предложени во Програмата или песни по свој избор и го приспособува даденото сценарио за час.*

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот преку дискусија ги воведува учениците во содржината на песната која ќе се обработува. Поставува прашања, презентира илустрација или фотографија и ги поттикнува учениците преку говорна вежба да искажат свое мислење или свој став. Се прави меѓупредметна интеграција според содржината на песната.

***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот ги распејува учениците со основната скала и со кратки вежби за распејување. Ги насочува учениците кон обработка на песна по слух. Се запишува насловот на табла и се чита текстот. Се дискутира во врска со текстот. Потоа песната се обработува дел по дел. Наставникот придружува со инструмент, со хармонска придружба.

Доколку песната се слуша како звучен пример, наставникот треба да ги насочи учениците прво да ја слушаат песната, па да ја интерпретираат. Но, потребно е да ја пеат и без аудиопридружба. Само така ќе можат да вметнат сопствена интерпретација, темпо и динамика.
Наставникот ги потсетува учениците на правилниот пејачки став и правилната вокална техника. Им дава инструкции за правилно дишење и за правилно изговарање на зборовите, посебно на самогласките.
Наставникот ги насочува учениците на точна интонација. На овој сегмент треба да се обрне посебно внимание, со повеќекратно повторување, со покажување со раката од страна на наставникот за движењето на мелодиската линија.
Наставникот ги поттикнува учениците преку пеење да го доловат карактерот на песната, притоа употребувајќи изразни средства (темпо, динамика, агогика).
Песната се пее неколку пати. Може да ја пеат сите ученици, во групи (строфа– една група, рефрен –друга група), солист и група, индивидуално. Учениците може да се придружуваат со ритмички детски инструменти.

***Завршен дел:***

**Активност 3**
Наставникот ги насочува учениците креативно да ги искажат чувствата од обработената песна преку цртеж, преку стихови или преку кореографија. Кореографијата ја осмислуваат учениците. Може да биде со усогласени движења или слободно танцување.

***Забелешка:*** *Потребно е обработените песни да се повторуваат во текот на целата учебна година. Исто така, може да се подготви приредба со сите обработени песни.*

***Рефлексија***
Што учевме денес? За што се зборува во песната? Со каков карактер е песната? Дали ја научивте сите?

**Средства**
Инструмент, уред за слушање музика, прибор за цртање.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

***Препорачани детски песни за обработка на песна по слух***

https://youtu.be/UgEZzu6ErDY **Златно Славејче**: *Ајде*
https://youtu.be/OvYAE5Gk4vY *Штом си среќен*
https://youtu.be/NJArLQwDQWI **Поточиња**: *Екопесна*
https://youtu.be/5de3aZhJ4hc **Поточиња**: *Деца од целиот свет*
https://www.youtube.com/watch?v=4YFwnu2qihQ **Поточиња**: *Пролет*
https://www.youtube.com/watch?v=xoZYy58AkO4 *Ѕвездулка*
https://www.youtube.com/watch?v=zsfH-xLtteA *Шумска караница*
– градски детски хор „Гласот на децата на Скопје"
https://www.youtube.com/watch?v=XZUnFuoETvA **Дајте музика**: *Кире бананамен*
https://www.youtube.com/watch?v=3SlpiDdKOfI **Дајте музика**: *Црни, жолти, бели*
https://www.youtube.com/watch?v=Jud_yoAVCUA **Дајте музика**: *Пријател*

***Народни и детски песни за другите наставни јазици***

*За босански наставен јазик*
https://youtu.be/ETPSPr0rbLw Sve naše ljubavi – Dječiji hor "Princess krofne"/*Сите наши љубови* – Детски хор „Принцес крофни"

*За српски наставен јазик*
https://youtu.be/IKiztfdc7Hs Музика на струју – дечји хор Чаролија/*Музика на струја* – детски хор „Волшепство"
https://www.youtube.com/watch?v=nRl407E4kxs Колачићи – дечји хор Чаролија/ *Колачиња* – детски хор „Волшепство"
https://youtu.be/kVBLAY852bg Сплет српских игара – Колибри/Детски хор РТС/ Симфонијски оркестар/Сплет српски игри

*За албански наставен јазик*
https://youtu.be/ShscnBNpKes – Kori i femijeve "Sounddance" /Ora/*Час*
https://youtu.be/jfeTYows9oE Cila jam cila je/*Која сум која си*
https://youtu.be/Aq6ps5srUvU Fëmijët janë vet bukuria/*Децата се самата убавина*
https://youtu.be/V6nYnqDnnwI Ty në rërë të vizatoj/*Тебе на песок те цртам*
https://youtu.be/tvIAJiT9I5M Kori i zogjve/*Песна на птиците*
https://youtu.be/we0NeMKbniQ Ne jemi gjelbërimi/ *Ние сме зеленилото*
https://youtu.be/Y6Idc5tJz64 4 Stinët/4 *Годишни времиња*
https://youtu.be/iXCz3wmg_7M Do, re, mi (од анимиран филм)

*За турски наставен јазик*
https://youtu.be/rGGZnh8W7Oo Gezegenler/*Планети*
https://youtu.be/jgYlHOIcw2U Bilmece/*Сложувалка* – TRT Ankara Radyosu Çok Sesli Çocuk Korosu
https://www.youtube.com/watch?v=iOM0uwSC0U4 Masallara İnan/*Верувај во бајките*
https://www.youtube.com/watch?v=0Cpe4YqA1Bs Hayat Bayram Olsa/*Да беше животот како празник*

https://www.youtube.com/watch?v=XIdEWP3R-7c Fulio – Chavorikani parada/*Детска парада*
(на ромски јазик)
https://www.youtube.com/watch?v=xkJYDRgSo9w Sadije – Mamo I Love You/*Мамо ај лав ју* (на ромски јазик)

# ЧЕТВРТИНА НОТА И ПАУЗА

**Содржини и поими**

Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови: сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам – четвртина нота, четвртина пауза, тактирање)

**Стандарди за оценување**

Изговара со тактирање и на ритмички инструменти свири елементарни ритмички вежби со четвртини ноти и паузи.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот пее кратки мелодиски мотиви, потоа произведува звук со тропкање, шкрипење, шушкање на лист и сл. Ги поттикнува учениците преку дискусија да воочат која е разликата меѓу звуците. Учениците дискутираат и се дава заклучок дека звукот може да биде неопределен и определен (тон). Наставникот пее звучни примери за учениците да можат да ги воочат особините на тонот (траење – прво пее долги тонови/тонот *до* со половини ноти, па кратки тонови/тонот *до* со четвртини ноти, висина – наставникот пее различни тонови по висина, јачина – наставникот пее тивко и гласно и боја – наставникот пее, па свири на инструмент). Учениците дискутираат за особините на тонот, а наставникот ги дополнува.

***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот пее мелодија во ритам и ги насочува учениците да тактираат. Им го објаснува начинот на тактирање (со раката надолу и нагоре). Ги поттикнува учениците на други начини на тактирање (пукање со прстите, плескање со рацете) во функција на означување удар. Ги прашува учениците за која особина на тонот се работи (траење).

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците кон играта *Кој дава знак?* Преку броеница се избира еден ученик да излезе од училницата, додека другите ученици се договараат за текот на играта. Учениците стојат во круг. Тактираат на различни начини (пукање со прстите, тропкање со нозете, скокање и сл.), а еден ученик треба да ги покажува начините на тактирање. Ученикот кој е надвор од училницата се враќа и негова задача е да го пронајде ученикот кој ги покажува знаците. Ова е варијанта на играта, приспособена според содржината на часот, па затоа наставникот треба да инсистира на рамномерно тактирање на различни начини.

**Активност 4**

Наставникот ги поттикнува учениците да размислат на каков начин може да се запише траењето на нотите. Им покажува слика од различни нотни вредности и ја заокружува четвртина нота. Им објаснува дека таа претставува основна единица за броење и ја споредува со единици за броење во други области. Им го покажува начинот на пишување на табла. Потоа пее вежба со четвртина нота, па пауза и ги поттикнува учениците да откријат за што се работи. Наставникот дообјаснува дека покрај ноти има и паузи и ја запишува четвртина пауза на табла. Учениците препишуваат во тетратките и вежбаат правилно пишување на нотата и на паузата.




четвртина нота



четвртина пауза

***Завршен дел:***

**Активност 5**

**Роботи**

Наставникот ги насочува учениците да кажат една реченица и потоа слоговите да ги кажат во четвртини ноти со тактирање (на пример, јас сум среќ-но де-те). Се коментира дека учениците звучат како роботи.

**Активност 6**

Наставникот презентира мелодиска вежба од четвртини ноти и паузи. Учениците ја препишуваат и ја тактираат заедно и индивидуално. Може да се изведува со детски ритмички инструменти (Материјали за учење).

***Рефлексија***

Што учевме овој час? Колку трае четвртина нота и пауза?

**Средства**

Табла, проектор, работни листови.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ТОНОВИТЕ СОЛ И МИ

**Содржини и поими**

Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови: сол1, ми1, ла1, ре1, до1); ритам – четвртина нота, четвртина пауза, тактирање

**Стандарди за оценување**

Идентификува положба на ми1, сол1, ла1, ре1, до1 на петолиние; употребува виолински клуч и изучени тонови во сопствениот нотен запис.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот споделува слика од партитура (од детска песна). Ги насочува учениците кон дискусија: На кој начин може да се запишува музиката? Со кои знаци? Дали може да се пишуваат ноти во тетратка со коцки?

**Активност 2**

Наставникот им ја пее на учениците песната *До сака доручек* и ги поттикнува да ги набројат тоновите по ред. Се пее тонската скала.

***Главен дел:***



сол



ми

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за јазикот и писмото на музиката. Ако во мајчиниот јазик има букви за пишување, во музиката се ноти со кои се запишува музиката. Црта петолиние и ги поттикнува учениците да воочат каде се пишуваат нотите (во линии и празнини). Впишува виолински клуч, а учениците го вежбаат правилното пишување. Потенцира дека виолинскиот клуч уште се вика сол-клуч затоа што почнува да се пишува од местото каде што стои тонот сол.

Го впишува тонот сол со четвртина нота и ги насочува учениците да воочат каде се пишува (на втората линија). Го пеат заедно тонот сол (со интонација, придружба со инструмент).

Наставникот им кажува на учениците дека овој час треба да се запознаат со уште еден тон–ми. Ги поттикнува учениците прво да го воочат растојанието помеѓу двата тона со надолно движење и да го најдат местото на тонот ми во петолинието користејќи линии и празнини. Учениците одговараат, а наставникот визуелно го покажува растојанието и местото на тонот.

Учениците ги препишуваат тоновите во тетратката со четвртини ноти. Наставникот им дава интонација и ги пеат тоновите неколку пати. Доколку има мелодиски детски инструмент, учениците со помош на наставникот ги свират тоновите сол и ми.

***Завршен дел:***

**Активност 4**
Наставникот ги поттикнува учениците индивидуално да импровизираат мелодија со тоновите сол и ми, а може да користат и четвртина пауза. Во тетратките може да напишат мелодиска вежба и да ја пеат и свират.

**Активност 5**
Учениците се редат во колона. Се впишува со креда (а може да се користи и јаже) паралелно до нив една линија. Од десната страна на линијата е тонот ми, а од левата страна тонот сол. Наставникот почнува да пее мелодија со тоновите ми и сол, а учениците со скокање застануваат на страната на испеаниот тон. Наставникот може да повтори тон и да прави различни мелодиски комбинации, а подоцна може да пее на неутрален слог за учениците да го препознаат тонот според висината. Учениците мора да бидат внимателни, затоа што ако некој ученик згреши, излегува од играта.

***Рефлексија***
Кои тонови ги научивме денес? Каде се пишуваат? Која активност ви беше најинтересна?

**Средства**
Слики, табла, креда (јаже).

**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.



*Мелодија на песната **До сака доручек***

*(Текстот е даден во Материјалите за учење. Песната не се обработува, туку служи како вовед во изучувањето на имињата на тоновите.)*

# ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот презентира слика од жичени инструменти (множество) и ги поттикнува учениците на дискусија: Од што е составено ова множество? Кои инструменти ги препознавате? Кои се сличностите, а кои разликите меѓу инструментите? (Сите имаат жици, некои имаат слична форма, а некои различна.)



***Главен дел:***

**Активност 2**

Со помош на наставникот, учениците набројуваат дел од инструментите, ја воочуваат формата и жиците. Заедно ја формулираат групата на жичени инструменти. Наставникот презентира звучен пример и ги насочува учениците да го воочат звукот на жичените инструменти. Пожелно е примерот да биде презентиран како видеоматеријал за учениците да го воочат начинот на свирење.

Моцарт: „Мала ноќна музика“ 1 став, алегро фрагмент
https://www.youtube.com/watch?v=UzEX0-nwN4Y&feature=share&fbclid=IwAR0ng-ozMF3-jHbQHST1ipY63dVHo

По завршувањето на звучниот пример, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за звукот и за начинот на свирење. Учениците опишуваат. Потоа ги прашува за темпото, динамиката и карактерот на композицијата.

**Активност 3**

Наставникот раскажува за композиторот Волфганг Амадеус Моцарт преку интересни факти за животот и делото. Учениците го запишуваат насловот на композицијата и композиторот во тетратките.

*Завршен дел:*



**Активност 4**

Учениците ги изработуваат наставните листови (Материјали за учење) за подобро да ја воочат формата на жичените инструменти. Додека работат, се слуша композицијата.

**Активност 5**

Доколку има услови, наставникот може да обезбеди еден жичен инструмент за учениците да го видат и да пробаат да отсвират тонови.

***Рефлексија***

Што учевме денес? Со кои инструменти се запознавме? Која композиција ја слушавме?

**Средства**

Проектор, уред за слушање музика, наставни листови.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.



# ГИТАРА

**Содржини и поими**
Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)

**Стандарди за оценување**
Препознава хармоника и гитара, визуелно и звучно.

**Сценарио за час**



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот ги насочува учениците кон играта со букви *Погоди го инструментот* (**Зборле**, **Бесилка** и сл.). Наставникот може да запишува на табла или да ја подготви играта во дигитална форма. Зборот кој ќе се добие е инструментот со кој ќе се запознаат учениците на часот.

***Главен дел:***



Наставникот презентира слика и ги насочува учениците кон дискусија за инструментот гитара: Во која група на инструменти спаѓа? Колку жици има? Каква музика се изведува на гитарата? Им помага на учениците да ги воочат деловите на гитарата.
Потоа презентира неколку звучни примери. Звучните примери се слушаат фрагментарно.

Родриго: *Концерт за Аранхуез*, 2 став. Адаџо
https://www.youtube.com/watch?v=KzEFQW9CXGc

Изведба на инструмент гитара од дете изведувач
https://www.youtube.com/watch?v=BJKYjXe6ACE&ab_channel=aissav

Вивалди: *Концерт за гитара и жичани инструменти*, во D-дур https://www.youtube.com/watch?v=zuQ1Hfy_DNA

Рок балади 70-ти и 80-ти, електрична гитара
https://www.youtube.com/watch?v=gG3bV1ZWYng

По завршувањето на секој звучен пример се дискутира за начинот на свирење, музичкиот жанр (видот на музика), карактерот на композицијата и изразните средства. Се донесува заклучок дека со гитарата се изведуваат различни видови музика и дека на гитара можат да свират инструменталисти од сите возрасти.

***Завршен дел:***

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците да ги изработат наставните листови (Материјали за учење). Притоа, уште еднаш се слушаат композициите за гитара.

**Активност 4**

Наставникот ги поттикнува учениците да осмислат движење/кореографија при повторното слушање на композициите, притоа да го искажат видот на музиката и карактерот на композицијата. Композициите се слушаат со фрагменти, па може да се игра играта „Музички статуи" (наставникот ненадејно ја сопира музиката, а секој ученик останува во затекнатата положба. Музиката продолжува и учениците продолжуваат да танцуваат на различни жанрови).

***Рефлексија***

Што учевме денес? Во која група на инструменти спаѓа гитарата? Која композиција најмногу ти се допадна? Зошто?

**Средства**

Уред за слушање музика, проектор, наставни листови (Материјали за учење).

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.



# ЕСЕНСКИ ОРКЕСТАР

**Содржини и поими**

Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање)

**Стандарди за оценување**

Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти**.**

**_Сценарио за час_**



***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот ги воведува учениците во техниката *5 зошто*? Се поставува прашање со зборот зошто. Се дава одговор, а потоа одговорот се преформулира во следно прашање со зборот зошто. Така се создаваат 5 прашања и 5 одговори. Прашањето е: Зошто ја сакам есента? (можен одговор: Затоа што е прекрасна, следно прашање: Зошто е прекрасна*?* итн.). Техниката може да се работи самостојно или во група. По завршувањето, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за тоа кои плодови ни ги дарува есента.

**Активност 2**

Наставникот претходно има подготвено материјали и есенски плодови за изработка на ритмички инструменти (костени, шишарки, пченка, ореви, ситни цврсти плодови, пластични чаши, лименки и сл.). Ги насочува учениците кон изработка на инструментите.

***Главен дел:***



**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците да произведат звуци со изработените инструменти. Кажува збор, а учениците го доловуваат зборот со инструментите (врне, дува ветер, грми, лисјата паѓаат и сл.).

Потоа дава насоки за активноста *Есенска приказна*. Најпрво во групи се делат инструментите со сличен звук. Потоа наставникот чита текст, а учениците на даден збор произведуваат звуци според значењето на зборот (имитираат звуци од природата). Ова е начин на креативно изразување и импровизирање со изработените инструменти (Материјали за учење).

***Завршен дел:***

**Активност 4**

Наставникот споделува композиција, а учениците придружуваат во ритам со изработените инструменти. Ги следат темпото и динамиката на композицијата. Може и да танцуваат во ритам.

***Рефлексија***

Што работевме овој час? Која активност ви беше најинтересна?

**Средства**

Есенски плодови за изработка на инструментите, материјали (чашки, кутии врвци, лепило и др.), уред за слушање музика.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.



# МУЗИКА ОД АНИМИРАН ФИЛМ

**Содржини и поими**

Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор)

**Стандарди за оценување**

Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала; идентификува и наведува најмалку една композиција од секој вид музика.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот презентира кратки аудиоисечоци со музика од анимирани филмови. Ги поттикнува учениците да ги препознаат и ги насочува кон дискусија: Дали ја воочувате музиката додека гледате анимирани филмови? Дали е исто доживувањето ако гледате анимиран филм со намален звук? Дали музиката придонесува анимираниот филм да ви биде поинтересен? Која е улогата на музиката? Како влијае на емоциите и на атмосферата во сцените?



***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот презентира звучен пример или видеопример од анимираниот филм *Кралот лав.* Се проследува примерот. Наставникот го преведува насловот. Учениците дискутираат за карактерот на песната и го поврзуваат со сцените. Наставникот им поставува прашања: Дали музиката ќе одговараше на сцените и на движењето на анимираните ликови ако беше во многу брзо темпо? Каков е карактерот на песната? Во кое темпо и динамика е? Кој ја изведува песната? Учениците дискутираат на поставените прашања.

*Ја чувствуваш ли љубовта вечерва*
од анимираниот филм *Кралот лав*
https://www.youtube.com/watch?v=CF-c1K3WWg4&list=PLGYGe2PKknX2kydiv28aq8dBXBWeJfxgg

Наставникот презентира уште една песна од истиот анимиран филм, но со различен карактер. Учениците прават споредба со првата песна во врска со карактерот, сцената, темпото, динамиката и изведувачот.

*Хакуна матата* од анимираниот филм *Кралот лав*
https://www.youtube.com/watch?v=mzABW42AIhM

**Активност 3**
Песните се слушаат повторно. Наставникот ги поттикнува учениците да танцуваат со слободни движења според карактерот на песните. Се насочуваат да создадат заедничка кореографија на слободни ученички активности со којаможе да настапат на приредба.

***Завршен дел:***



**Активност 4**
Наставникот ги насочува учениците да ги запишат своите впечатоци од композицијата преку писмено изразување (Материјали за учење).

***Рефлексија***
Што работевме овој час? Кои песни ги слушавме? Каков беше карактеротна песните?



**Средства**
Проектор, уред за слушање музика, работни листови.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; практичната изведба во група.



# Материјали за учење за учениците



# СИТЕ НЕ ГРЕЕ ИСТО СОНЦЕ





**Драги бато,**
**спиеш ли?**
**Ѕвона кога ѕвонат,**
**динг, данг, донг.**

Драги бато,
спаваш ли?
Звона кад зазвоне
динг, данг донг
(српски)

Arbër vlla-e,
A po flen?
Kumbona ka ra-e,
ding dang dong.
(албански)

Mangleja phrala
soveja li
i javin akareltut
ding , dang, dong
(ромски)

Frate Ioane,
Oare dormi tu?
Suna clopoțelul
ding dang dong
(влашки)

Драги бато,
спаваш ли?
Звона кад зазвоне
динг, данг донг
(босански)

Uyuyor musun
kardes Cem
sabah günes dogdu
ding dang dong
(турски)

Во цветот е текстот на најпопуларната детска песна во светот. Таа се пее на многу јазици, а на иста мелодија.

Во нашата држава живеат деца кои зборуваат и учат на својот мајчин јазик кој е различен од твојот мајчин јазик.

Отпеј ја песната на твојот мајчин јазик.

Со помош на наставникот, пробај да ја отпееш песната и на другите јазици.



1. Обој го цртежот.



2. Напиши твој текст на мелодијата на песната *Драги бато* со помош на наставникот.

# БРОЕНИЦИ

1. Преку симболи топчиња е прикажана една броеница. Пробај да ја кажеш во ритам, но внимавај на големината на топчињата. Слоговите во поголемите топчиња траат подолго, а во помалите топчиња, пократко.




2. Пробај на ист начин, со други симболи да ја прикажеш твојата омилена броеница.

3. Сите деца во светот имаат свои игри, но и свои броеници. Пробај да ги кажеш броениците на различни јазици и прочитај го нивното значење.



*(српски јазик)*
Пи, пи, пи, пи, пи, пи, пи,
глад-ни смо ти, ма-ма, ми!
Ко,ко, ко, ко,ко, ко, да,
ме-ни зр-но, ва-ма два!

(Пи, пи, пи, пи, пи, пи, пи,
мамо, многу гладни сме!
Ко, ко, ко, ко, ко, ко, да,
земам едно, давам две!)

*(албански јазик)*
Ma-cja vo-gël pis pis!
Në do-llap kush lë-viz.
Ësht' mi-u ka-qa mi-u,
кrejt pi-ja-tat i lë-pi-u.

(Пис, пис, мало маче!
Во долапот мрда раче!
Таму има глушец мал,
садови тој излижал!)

Врни, врни, дожд,
да си купам грош,
да си купам виолина,
да ме слушнат од милина!

*(турски јазик)*
Hoş gel-di-niz hoş gel-di-niz!
Ni-ye e-li boş gel-di-niz?
Da-vet et-tik ne di-ye
Ha-ni bi-ze he-di-ye

(Добредојде, добредојде!
Зошто сте со празни раце?
Кога сте поканети,
носете подароци!)

*(босански јазик)*
Poš'o Medo u dućan,
nije rek'o dobar dan,
već je rek'o dobro veče,
pokloni se i uteče.

(Тргна Медо во дуќан,
не кажа добар ден,
туку рече добровечер
се поклони и побегна.)

*(ромски јазик)*
E-ni, me-ni, du-du me-ni,
ka-ran-fe-ri mus-ta-fe-ri,
dzam-bas ko-ka-tas,
pis, pis pa-ra-mis
a-ke tu-ke gris.

(Ени, мени, дуду, мени,
каранфери, мустафери,
џамбаз, кокотаз,
молк, молк, приказна!
Еве тебе гриз!)

*(влашки јазик)*
Um doi, trei.
am pui amei,
пatru, tsihtsi, sheasi
am mushatā kāmeashi
sheapti. optu, nau
am pāpusā dau
Dzatsi, nji li misur
Dzeaditli ameali

(Еден, два, три,
имам пилиња мои,
четири, пет, шест,
имам убава кошула,
седум, осум, девет,
имам чевли две,
десет – си ги бројам
прстите мои.)



# ОТСЕЧНО/ПОВРЗАНО

1. Слушни ги двете композиции и пополни ја табелата.



| *наслов и композитор* | *Со кои инструмент(и) се изведува?* | *карактер* | *темпо* | *Дали изведбата е со отсечни или со поврзани тонови?* |
|---|---|---|---|---|
| „Лебед“ - К. Сен-Санс | | | | |
| „Кенгур“ -К. Сен-Санс | | | | |



2. Поврзи ги точките.





# ЧЕТВРТИНА НОТА И ПАУЗА

1. Поврзи.




2. Напиши четвртина нота и четвртина пауза.

3. Тактирај ја ритмичката вежба.



# ТОНОВИТЕ СОЛ И МИ

1. Прочитај ја или отпеј ја *Песна за тоновите* и наброј ги имињата на тоновите.




2. Нацртај еден од тоновите за кои се пее во песната.



3. Повтори како се пишува виолински (сол) клуч.




4. Напиши ги тоновите *сол* и *ми* со четвртини ноти.



5. Отпеј ги мелодиските вежби.



# ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ

1. Заокружи ги инструменталистите на жичени инструменти.



2. Одговори на прашањата со кратки одговори.

Кој композитор ја напишал композицијата *Мала ноќна музика*?

Со кои инструменти се изведува композицијата *Мала ноќна музика*?

Во кое темпо е композицијата *Мала ноќна музика*?

Каков е карактерот на композицијата *Мала ноќна музика*?

Каков вид музика е композицијата *Мала ноќна музика*?

# ГИТАРА

1. Поврзи ги точките за подобро да ја воочиш формата на гитарата. Потоа одговори на прашањата.



Колку жици има гитарата?

Од каков материјал е изработена?

Каков вид музика може да се изведува на гитара?

# ЕСЕНСКИ ОРКЕСТАР









1. При прошетка во природа во есен собери различни плодови (шишарки, оревчиња, желади, лешници, тиква, лејка, суви лисја, гранки) и пробај да изработиш ритмички инструменти. Може да ги ставиш во пластични шишиња или кутии, да тропкаш на нив и сл. Може да ги украсиш.
Испробај го звукот.









Откако ќе ги изработиш, пробај да го менуваш звукот со додавање и одземање на плодови во садовите. Ќе добиеш различни варијанти на звукот.

2. Со изработените инструменти отсвири ја ритмичката вежба.



# ВО ШУМА

*Звучна приказна*

Наставникот ја чита приказната. Внимателно слушај и на зборовите кои се напишани со црвено создади звуци соодветни на зборот. Може да ги користиш инструментите од есенските плодови, може да користиш и детски ритмички инструменти или сам/-а да имитираш звуци од природата. Оваа приказна нека биде полна со звуци!



Есента пристигна во блиската шума. Ветерот ги милуваше дрвјата, а тие ги ронеа жолтите лисја. Птиците преселници заминаа во потоплите краишта. Остана само сивото врапче кое стоеше на гранката. На другата гранка беше и кукавицата која ја пееше својата песна. Во далечината се слушаше жуборењето на реката. Малата срна се приближи до реката за да се напие вода. По неа дотрча и зајачето. Некаде во далечината се слушаа грмотевици. Почна да врне ситен есенски дожд кој шушкаше врз жолтите лисја. Дождот врнеше кратко. Откако престана, се слушна и песната на птицата кос која секогаш пее после дождот. Но, почна да дува силен ветер кој ги размрда крошните на дрвјата. А тие како златници ги пуштија жолтите лисја за да ги однесе ветерот далеку. По кратко време ветерот се смири, а во шумата се слушаше само тишина.

(ветер, лисја, птици, врапче, кукавица, река, срна, зајаче, грмотевици, дожд, тишина)

# МУЗИКА ОД АНИМИРАН ФИЛМ

1. Напиши ги твоите впечатоци за музиката од анимираниот филм *Кралот лав*. Напиши кој ја изведува, каков е карактерот на песната, кое темпо и динамика е, како придонесува за филмот да биде поинтересен и сè друго што ти остави впечаток.







# Насоки, упатства и активности за реализација на наставната програма



# ТОНОТ ЛА

**Содржини и поими**
Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам - четвртина нота, четвртина пауза, тактирање

**Стандарди за оценување**
Идентификува положба на ми1, сол1, ла1, ре1, до1 на петолиние; Употребува виолински клуч и изучените тонови во сопствениот нотен запис.

***Воведен дел:***

***Сценарио за час***

**Активност 1**
Наставникот пее мелодиска вежба со тоновите сол, ми и ла. Тоновите сол и ми ги именува, а тонот ла го пее со неутрален слог (најпогодно е со ,,м" за да не ги асоцира на тонот ла). Ги поттикнува учениците да го откријат името на тонот според висината.



***Главен дел:***

**Активност 3**
Учениците го откриваат името на тонот (ла) и ја дефинираат неговата местоположба. Потоа го запишуваат во тетратките со четвртини ноти. Заедно со наставникот ја пеат мелодиската вежба.

**Активност 4**
Наставникот претходно подготвува виолински клуч, тактови црти, четвртини ноти и паузи во различни бои (модели на поцврста хартија). Со подебел конец, учениците прават петолиние и дискутираат за редоследот на линиите и празнините. Се одредува тактот. Секој ученик реди по една нота (на местото на тоновите сол, ми и ла) или пауза, на крајот на тактот седодава тактова црта за да се одбележат тактовите. Секој ученик именува која нота или пауза ја додава. Така се добива мелодиска вежба создадена од сите ученици. Ја препишуваат во тетратките и заедно ја пеат. Наставникот инсистира на точна интонација (со покажување со раката на движењето на мелодиската линија или со придружба со инструмент).

**Активност 5**
Активноста може да се реализира во училишниот двор. Се црта петолиние ивиолински клуч со креда. Учениците скокаат на една нога на местото натоновите сол, ми и ла и истовремено ги пеат. Скокањето и пеењето може да биде во брзо и бавнотемпо.

***Завршен дел:***

**Активност 6**
Наставникот пее мелодиска вежба со тоновите сол, ми и ла на неутрален слог, учениците внимателно слушаат и со рака го покажуваат движењето на мелодијата. Потоа истата мелодија ја запишуваат во тетратките (диктат).

**Активност 7**
Учениците сами пишуваат мелодиска вежба со изучените тонови и ја пеат со помош на наставникот. Може да се изведе и со детски мелодиски инструменти, со примена на изразни средства (тивко-гласно, брзо-бавно).



***Рефлексија***
Со кој тон се запознавме денес? Каде се пишува? Која активност ви беше најинтересна?

**Средства**
Табла, конец, модели-ноти, креди во боја, нотна тетратка, детски мелодиски инструменти.

**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ТОНОВИТЕ РЕ И ДО

**Содржини и поими**
Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам - четвртина нота, четвртина пауза, тактирање

**Стандарди за оценување**
Идентификува положба на ми1, сол1, ла1, ре1, до1 на петолиние; Употребува виолински клуч и изучените тонови во сопствениот нотен запис.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот дава насоки за активноста *Плесни на сол*. Учениците се поредуваат во круг. Треба да ги кажуваат имињата на тоновите по ред. На тонот сол (или друг тон по договор) треба да се плесне со рацете без да се изговори. Ако некој ученик згреши, излегува од играта. Играта се игра додекане остане еден ученик-победник. Со оваа игра се насочува вниманието на учениците кон останатите активности и се изучува редоследот на имињата на тоновите во скалата.

**Активност 2**
Наставникот дава насоки за решавање на проблемско прашање кое учениците ќе го решат како математичка задача: Најпрво се запознавме содва тона (сол и ми) па со уште еден тон (ла) а овој час ќе се запознаеме со дванови тонови (ре и до). Уште со колку тонови од основната скала треба да се запознаеме? 8 - (2+1+2) = 3. Учениците решаваат, одговараат и дискутираат за изучените тонови.

***Главен дел:***

**Активност 3**
Учениците ги запишуваат на табла изучените тонови. Наставникот им поставува задача на учениците да го најдат местото на тонот ре. Учениците даваат предлози. Наставникот дообјаснува дека покрај пишувањето на тоновите на линии и празнини, тоновите можат да се пишуваат над и под петолиние. Учениците го дефинираат местото на тонот ре (под петолиние). Се запишува на табла и во тетратките.

Наставникот ги прашува учениците со кој тон почнува тонската скала. Им поставува задача на учениците да го најдат местото на тонот до и ги поттикнува да најдат решение. Потоа им објаснува за запишување на тоновите на помошни црти. Учениците го дефинираат местото на тонот до. Се запишуваат тоновите и се пеат со помош на наставникот. Потоа се пеат сите изучени тонови.

**Активност 4**
Наставникот презентира мелодиски вежби. Се разгледуваат заедно со учениците и се дискутира за движењето на мелодиската линија на тоновите. Вежбите првично се пеат парлато, а потоа мелодиски. Наставникот инсистира на точна интонација. Мелодиските вежби можат да се изведуваат и со детски мелодиски инструменти.

1


2


3


***Завршен дел:***

**Активност 4**
Наставникот ги насочува учениците кон активноста *Пантомима со тонови* и им покажува на учениците на кој начин да ги прикажат тоновите. Тоновите на линиите и помошна црта се покажуваат со испружена дланка, а тоновите во празнините и под петолинието со стисната дланка. Раката се движи според висината на тонот, пониските тонови на пониска положба, а повисоките на повисока положба. Се прикажуваат само изучените тонови. Играта се игра во парови. Еден ученик покажува, а другиот ученик ги пее тоновите според прикажаното. Потоа учениците си ги менуваат улогите.

***Рефлексија:***
Зошто баш таа активност ви е интересна? Зошто ова што го научивме е важно?
Што ќе се случи ако тоновите ги прикажеме несоодветно или испееме погрешно?
Кои тонови ги научивме денес? Каде се пишуваат? Која активност ви беше најинтересна?

**Средства**
Табла, пијано, детски мелодиски инструменти.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

Детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка)

**Стандарди за оценување**

Ги препознава детските ритмички и мелодиски инструменти по бојата на звукот;Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење, артикулација) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот им ги презентира на учениците детските музички инструменти. Учениците свират на нив и го истражуваат звукот. Потоа, наставникот ги насочува учениците дека приложените детски инструменти треба да ги поделат во две групи, и тоа: инструменти на кои може да се свири мелодија и инструменти со кои се поддржува ритамот.

**Активност 2**

Наставникот свири кратки ритмички модели на инструментите, а учениците ги повторуваат. Потоа инструментите се редат на клупа, учениците ротираат и една ритмичка целина ја повторуваат на сите инструменти.

**Активност 3**

Учениците се делат во помали групи. Секој има инструмент пред себе. Еден ученик почнува со кратка ритмичка целина, следниот ученик ја повторува и додава своја. Следниот ученик ги повторува двете целини и додава своја. Се така до последниот ученик од групата. Останатите ученици внимаваат на точно изведување на целините.

*Забелешка: Доколку нема Орфов инструментариум во училиштето, овие активности можат да се реализираат со инструменти кои се изработени одучениците(одпретходната активност-Есенскиоркестарисл.)*

***Главен дел:***

**Активност 4**

Наставникот ги презентира вежбите за детски музички инструменти и го објаснува начинот на свирење. Учениците се делат во групи и ја вежбаат својата делница одделно. Потоа аранжманот се свири заедно. Доколку нема мелодиски инструменти, наставникот ја свири мелодијата или се пее по ноти од една група на ученици. Наставникот инсистира на точна ритмичка имелодиска интерпретација. Ги поттикнува учениците да дадат предлог за вметнување на знаци за соодветно темпо и динамика и нивна примена.

1



2



3



***Завршен дел:***

**Активност 4**

Учениците се делат во три групи. Наставникот дава насоки за секоја група, односно кажува зборови со два, три и четири слогови. Учениците треба да воочат од колку слогови е зборот. Првата група треба со детски инструменти ритмички да го повтори зборот со два слога со две четвртини, потоа втората со три слогови,а третата со четири слогови. Покрај развивање на ритамот, оваа активност е трансверзално поврзана со компетенциите од подрачјето на јазичната писменост.

***Рефлексија***

Со кои инструменти се запознавме денес? Која активност ви беше најинтересна?

**Средства**

Детски музички инструменти, пијано, проектор.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# БАЛЕТ

**Содржини и поими**

Музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и дурги популарни танци во дводелен, триделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет).

**Стандарди за оценување**

Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет).

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Учениците стојат во круг. Наставникот има подготвено ливчиња на кои се напишани различни видови музика (народна, класична популарна и детски песни). Им ги дели на учениците. Тие го читаат ливчето, ја слушаат музиката (повеќе фрагменти од различни видови музика) и кога ќе го слушнат видот на музиката од ливчето кој е напишан на извлеченото ливчето, влегуваат во кругот и танцуваат со останатите кои имаат ливче со истиот вид на музика. Останатите ученици им ракоплескаат во ритам. Танцувањето треба да е соодветно на видот и карактерот на музиката.

***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот презентира видеопример од балет и им дава насоки на учениците да го проследат, а потоа во групи да дискутираат и да направат презентација (на лист) за следните сегменти: прва група-начин на танцување, втора група-костими, трета група-музика (карактер, кој ја изведува, темпо, динамика), и четврта група-сцена. Учениците го проследуваат примерот, работат во групи и секоја група презентира а останатите ученици и наставникот дополнуваат. Потоа видео примерот се проследува уште еднаш. Наставникот ги поттикнува учениците да танцуваат, изведувајќи свои движења како балетани/балерини.

***Чајковски: Лебедово езеро - Танцот на малите лебеди***
https://www.youtube.com/watch?v=rDdcw_p3eJg

**Активност 4**

Учениците проследуваат уште еден видео пример. По завршувањето дискутираат за карактерот на музиката, начинот на танцување, костимите и сценографијата и прават споредба со претходниот пример. Примерот се слуша повторно а учениците танцуваат со свои движења.

***Чајковски: Оревокршачка - Кинески танц***
https://www.youtube.com/watch?v=nKYyZGtQaok

***Завршен дел:***

**Активност 5**

Наставникот ги насочува учениците кон техниката *Напиши 5*. Учениците треба да одберат 5 зборови со кои ќе ги опишат изведбите од видео примерите.

**Активност 6**

Наставникот ги поттикнува учениците да подготват кореографија, сами да осмислат движења слични на балетот. Со подготвената кореографија можат да настапат на приредба. Можат да изработат и костими со рециклирање на материјали на слободни ученички активности.

***Рефлексија***

На кој начин се игра балетот? Какви се костимите? Каква е музиката? Кој ја изведува? Забележа ли некој од изведувачите да се издвојува (усно објасни и зошто)?

**Средства**

Проектор, уред за слушање музика, работни листови.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# БАЛЕТОТ НА НЕИСПИЛЕНИТЕ ПИЛИЊА

**Содржини и поими**
Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/ создавање).
**Стандарди за оценување**
Поврзува мелодија и ритам со движења; Создава едноставни кореографии со

*Забелешка: Во ова сценарио за час, покрај наведените поими и стандарди постои меѓутематска интеграција со содржината Музички изразни средства. Преку слушањето на композицијата, учениците ги препознаваат музичките изразни средства и според тоа се изразуваат и творат.*

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот споделува фотографија и ги поттикнува учениците да ја опишат. Им дообјаснува за начинот на кој пилињата се испилуваат (природни науки). Им кажува на учениците дека има композиција која е напишана за тоа. Всушност, композицијата е дел од циклусот ,,Слики од изложбата" - М.П.Мусоргски и посетителот на изожбата од секоја слика си прави музичка приказна.



***Главен дел:***

**Активност 2**
Наставникот го презентира звучниот пример и ги насочува учениците да го воочат карактерот на композицијата и да го поврзат со насловот. По завршувањето на композицијата, ги насочува учениците кон дискусија: Како ви се допадна композицијата? Како ги замислувате пилињата? Какво беше темпото во композицијата? Зошто? Дали тоновите беа отсечни или поврзани? Зошто? Дали тоновите беа високи или ниски? Зошто? Кој ја изведуваше композицијата? Композицијата се слуша повеќекратно.

***Мусоргски: Балетот на неиспилените пилиња***
https://youtu.be/_HPtSftZ3b0

Наставникот ги насочува учениците да осмислат кореографија со примена на музичките изразни средства во своите движења. Наставникот им помага, им дава забелешки и ги поттикнува сами да даваат идеи и предлози.

**Активност 3**
Наставникот презентира видео со анимација на композицијата.
***Мусоргски: Балетот на неиспилените пилиња***
- оркестар, анимација
https://www.youtube.com/watch?v=8cJSbWtTia4
https://www.youtube.com/watch?v=BOKqks-c0ig (по избор)

***Завршен дел:***

**Активност 4**
Наставникот ги поттикнува учениците да дадат свои предлози за изработка на костими (или маски од хартија). Им дава предлог кореографијата да се подготви и да се изведе на приредба.

**Активност 5**
Наставникот презентира видео за изработка на пиленца со техниката оригами. Овие изработки можат да послужат за изведба на композицијата како куклен театар.

***Изработка на пиленца-оригами***

**Активност 6**
Наставникот ги насочува учениците за изработка на работните листови (материјали за учење).

*Забелешка: Активностите можат да се реализираат и на слободни ученички активности или во интеграција со други предмети (ликовно образование). Се препорачува јавен настап со подготвената кореографија и костими или куклен театар.*

***Рефлексија***
Која композиција ја слушавме? Кој е композиторот на композицијата? Во кое темпо е напишана? Со која брзина се изведува композицијата? Дали има високи или ниски тонови? Како ги замислуваш пилињата?

**Средства**
Фотографија, уред за слушање музика, проектор, хартија во жолта боја, работни листови.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# МУЗИЧКИ ИГРИ

**Содржини и поими**

Музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и дурги популарни танци во дводелен, триделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет).

**Стандарди за оценување**

Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет).

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот го презентира звучниот пример *Оро без граници* и ги поттикнува учениците да играат оро. Потоа дискутираат за орото, начинот на играње (форма на отворен круг со движење од лево кон десно). Дискутираат за текстот на песната, каков состав ја изведува и каков е карактерот.

***Оро без граници, детски хор „Гласот на децата на Скопје“***

https://youtu.be/OxJLBq2R44s?si=1hDLRtwww-2tekx8

***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот им објаснува на учениците дека фолклорот на сите народи е разновиден и сите танцуваат и пеат на различен начин. Ги поттикнува да набројат танци и игри на други народи.

Учениците се запознаваат со мексиканскиот танц „Ла Распа“. Наставникот накратко им објаснува на учениците каде се наоѓа Мексико. Им презентира фотографии од народните носии. Потоа презентира видео преку кое се учат ритмички делови со помош на чашка според упатствата во видеото. Видеото се проследува повеќекратно, учениците да имаат можност да ја совладаат ритмичката структура.

***Ла распа- мексикански танц***

https://www.youtube.com/watch?v=XooeCc6DKgs&ab_channel=RhythmRecess

**Активност 3**
Откако ќе се совлада ритмичкиот образец, се учат чекорите на танцот, според видеото со упатства. Танцот се игра во парови. На почетокот телото е во исправена позиција со рацете на половина. Нозете се движат. А дел: 3+3 пауза 3+3 пауза – ножици. Б дел: вртење во круг со партнерот под рака (2 такта), промена на страната (2 такта). А делот се повторува. Б делот се повторува.

***Ла распа- насоки за кореографија***
https://youtu.be/Fl-WcwNJKu0?si=d32mOrmJs9wF2yhS

Учениците ги вежбаат чекорите и редоследот на различните движења. Наставникот ги насочува да ги воочат темпото, повторувањето на деловите изведувачкиот состав и карактерот на музиката. Доколку некој од учениците не е во можност да танцува, може да придружува со ритмички инструменти или да ја изведува играта со чаши.

***Завршен дел:***

**Активност 4**
Преку дискусија, учениците објаснуваат за разликите и сличностите меѓу играњето на оро и танцот Ла распа.
**Активност 5**
Учениците со помош на наставникот планираат настап со подготвените кореографии. Се дискутира и се планира костимографија, соодветна на двете кореографии.

***Рефлексија***
Со кој танц се запознавме денес? Од каде потекнува? Колку делови има? Која активност ви се допадна најмногу?

**Средства**
Слики, табла,уред за слушање музика, пластични чаши, проектор.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# НОВАТА ГОДИНА ДОАЃА

**Содржини и поими**
Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање).
**Стандарди за оценување**
Поврзува мелодија и ритам со движења; Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти.

*Забелешка: Сценариотозачаспредвиденозапоследниотчасвопрвополугодие и е поврзано со активности за Нова година кои се наменети за кративноизразувањеитворењеиутврдување наизученитесодржини.*

**Сценарио за час**

***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот дава насоки за активноста *Забавно распејување*/ Учениците стојатво круг и си додаваат сунѓересто топче (или лампион). Еден ученик почнува со тонот до и го додава топчето на друг ученик кој треба да го испее следниот тон од скалата. Скалата се пее со хармонска придружба од наставникот.

***Главен дел:***

**Активност 2**
Музички предизвик
Наставникот подготвува музички задачи и ги запишува на ливчиња (или на лампиони или други новогодишни украси) кои стојат во кутија. Учениците земаат од кутијата еден предмет или ливче со музичка задача (пр. отпеј ја твојата омилена новогодишна песна, создади-импровизирај со пеење или свирење мелодиска линија со изучените тонови, отсвири мелодија во брзо/бавно темпо на ксилофон/блок флејта и сл.) Откако ќе ја завршат задачата солампионот/украсот ја китат елката или го украсуваат просторот во училницата.
**Активност 3**
Наставникот составува листа од новогодишни песни. Учениците танцуваат и си префрлаат шешир меѓусебно. Наставникот ја стопира музиката неочекувано а ученикот што има шешир на главата, треба да ја каже својата новогодишна желба. Играта продолжува додека сите ученици ги кажат своите новогодишни желби.
**Активност 4**
Наставникот презентира свечен марш (пр. Радецки марш - Ј.Штраус). Учениците се редат еден позади друг и чекорат во ритам.

Првиот во колоната прави интересни движења чекорејќи, останатите ги повторуваат истите движења. Потоа првиот во колоната застанува последен, а следниот ученик продолжува со свои движења.

**Активност 5**

На различни видови музика, учениците танцуваат. Еден ученик во моментот осмислува кореографија а останатите го следат. Секој ученик треба да биде во улога на кореограф, да покажува движења, а на крајот со јачина на аплаузот, се избира најкреативен кореограф.

## *Завршен дел:*

**Активност 6**

Учениците ги изведуваат сите претходно изучени песни, кореографии и свирење на детски музички инструменти. Песните се пеат заедно, може да се придружуваат со инструменти и да се танцува.

**Активност 7**

Наставникот дава насоки за изработка на работен лист, каде со музички знаци треба да се нацрта честитка за Нова година. Учениците по случаен избор добиваат ливче со име и презиме на другарче. Ја подготвуваат честитката и пишуваат текст и ја адресираат. Сите честики ги ставаат под елка или во новогодишно сандаче (претходно подготвено од наставникот). Потоа секој ученик добива една честитка од своето другарче.





***Рефлексија***

Која активност ви беше најинтересна?

**Средства**

Уред за слушање музика, новогодишни украси, работни листови.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# Материјали за учење за учениците



# ТОНОТ ЛА

1. Напиши го тонот ***ла*** со четвртини ноти.



**2.** Отпеј ги или отсвири ги на детски мелодиски инструменти, следните мелодиски вежби. Воочи колку пати во секоја вежба се среќава тонот ***ла.***

1



2



3. Создади мелодиска вежба со тоновите ***сол, ми и ла.*** потоа отпеј ја или отсвири ја со детски мелодиски инструменти. Можеш да создадеш и текст и да го вметниш под тоновите со помош на наставникот. И, ете ја твојата прва композиција!



# ТОНОВИТЕ РЕ и ДО



1. Реши ја задачата.

Најпрво се запознавме со два тона (***сол и ми***) па со уште еден тон (***ла***) а овој час се запознавме со два нови тонови (***ре*** *и* ***до***). Уште со колку тонови од основната скала треба да се запознаеме?

2.Одговори на прашањата.

Каде се пишува тонот ***ре***?

Каде се пишува тонот ***до***?

3. Напиши ги тоновите ***ре*** и ***до*** со четвртини ноти.



***ре***



***до***

4. Отпеј ги или отсвири ги на детски мелодиски инструменти мелодиските вежби со придружба на детски ритмички инструменти. Изведувај ги на повеќе различни начини (брзо-бавно, тивко-гласно).









# ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1. Со црвена боичка заокружи ги мелодиските инструменти (со кои може да се отсвири мелодија), а со зелена боичка ритмичките инструменти (со кои се поддржува ритамот).



2.Свирете ги заедно следните вежби.

①



②



③



# БАЛЕТ

1. Поврзи ги различните видови танци со соодветната сликичка.







оро

балет

валцер

марш

рокенрол





2. Обој ја боенката.



# БАЛЕТОТ НА НЕИСПИЛЕНИТЕ ПИЛИЊА

1. Слушај ја композицијата *Балетот на неиспилените пилиња* и заокружи ги точните одговори.

Кој композитор ја напишал композицијата ?
а. Моцарт б. Мусоргски в. Вивалди

Во кое темпо е композицијата?
а. брзо б. бавно в. умерено

Какви тонови има во композицијата?
а. високи б. ниски

Како се изведуваат тоновите во композицијата?
а. отсечно б. поврзано

2.Нацртај цртеж инспириран од композицијата.

# МУЗИЧКИ ИГРИ

1. Внимателно слушај ја мелодијата и ритамот на мексиканскиот танц *Ла распа* и воочи ги различните делови и нивните повторувања. Потоа со помош на графиконот и видеото, навежбај ја играта со чаши.




2.Подгответе настап со песната *Оро без граници* и *Ла распа*. Осмислете костими. Изработете ги од еколошки материјали на час по ликовно. Изготви цртеж како го замислуваш твојот костим и кои материјали ти се потребни за изработка.

идеи за костими



потребни eko материјали

# НОВАТА ГОДИНА ДОАЃА

1. Состави листа од песни, кореографии и композиции од различни жанрови кои ги изведувавте и ги слушавте на часовите по Музичко образование. Изгответе заеднички редослед и изведете ги заедно. Дополнете со придружбаод детски инструменти и танцување. Нека биде весело на последниот час од оваа година!

2.Изработи новогодишна честитка со музички ноти и знаци. Напиши пригоден текст и врачи ја на твое другарче. Еве неколку идеи !







*Можеш да изработиш честитки со музички знаци и за други празници кои се дел од различни култури.*

# Насоки, упатства и активности за реализација на Наставната програма

*(второ полугодие)*



# ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**
**Музички инструменти и гласови** (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)
**Стандарди за оценување**
Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот го почнува часот со свирење дувачки инструмент (блок флејта, мелодика и сл.) или со презентирање видеопример од кој било дувачки инструмент. Ги насочува учениците кон дискусија: Како се добива звукот? Дали е ист или различен начинот на свирење со други инструменти (гитара или пијано)? Во што е разликата? Како ќе ги наречеме инструментите кај кои звукот се добива со дување воздух? Дали знаете некој дувачки инструмент? Учениците дискутираат, а наставникот ги надополнува.

***Главен дел:***



**Активност 2**
Преку визуелна презентација, наставникот им ја претставува на учениците групата дувачки инструменти. Учениците ги опишуваат, ги споредуваат според формата, материјалот на изработка, големината и сл. Заедно со наставникот заклучуваат дека некои инструменти се различни според формата и според материјалот на изработка, но заедничко им е што звукот се добива со дување воздух во горниот дел на инструментот, со посебна техника на свирење. Затоа се нарекуваат дувачки инструменти.

**Активност 3**
Наставникот презентира видеопример. Учениците ги воочуваат дувачките инструменти: звукот, формата и начинот на свирење. Видеопримерот може да се паузира и да се дискутираат разликите и сличностите помеѓу инструментите.

**Дизни:** ***13 теми од анимирани филмски хитови***
https://www.youtube.com/watch?v=NEKD0UO1RMg

Откако ќе се проследи видеопримерот, се дискутира за видот на музиката, а учениците наведуваат од кои анимирани филмови се фрагментите. Видеопримерот се гледа повеќекратно.



**Активност 5**

**Наставникот презентира аудиопримери (кратки фрагменти) од жичени и дувачки инструменти, наизменично. Учениците аудитивно ги препознаваат и дискутираат за звукот.**

**Активност 5**

**Наставникот ги насочува учениците кон дискусија** за тоа **каков вид музика може да се изведува со дувачките инструменти. Презентира кратки фрагменти, по свој избор, од различни видови музика (популарна, народна и класична).**



***Завршен дел:***

**Активност 6**

Се проследува видеопример со дувачки инструменти, а учениците го имитираат начинот на свирење на дувачките инструменти (со моливче, инструмент изработен од хартија и сл.).

**Активност 7**

Учениците ги пополнуваат материјалите за учење за утврдување на содржината и поимите.

***Рефлексија***

Со кои инструменти се запознавме денес? Зошто се нарекуваат така? Дали звукот на дувачките инструменти се разликува од звукот на жичените инструменти?

**Средства**

Слики, табла, уред за слушање музика, проектор.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.



# УДИРАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

**Музички инструменти и гласови** (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**

Учениците го поддржуваат ритамот со детски ритмички инструменти на звучен пример, по избор на наставникот. Потоа се води дискусија за начинот на свирење. Се споредува со начинот на свирење со претходно изучените групи инструменти. Учениците со помош на наставникот ја дефинираат групата *удирачки инструменти*. Наставникот дообјаснува дека покрај детските, во класичната и народната музика има и удирачки инструменти. Начинот на добивање на звукот е сличен.

***Главен дел:***



**Активност 2**

Наставникот презентира видеопример за удирачки инструменти и ги насочува учениците да ја воочат нивната форма, начинот на свирење, звучноста и сл.

**Касела: *Технологија***, за оркестар од ударни инструменти
https://youtu.be/AXAe9wWJwXA?si=-trYMI4SCZfIXZcC

По проследувањето на видеопримерот, се води дискусија: На кој начин се добива звукот кај удирачките инструменти? Дали со нив може да се отсвири мелодија? На кој начин? Дали на сите инструменти се свири на ист начин *(мелодиски, на кои се свири мелодија и ритмички, со кои се поддржува ритамот)?*

По дискусијата, повторно се проследува видеопримерот, а учениците воочуваат кои се мелодиски, а кои се ритмички инструменти.

При повторно слушање на композицијата, учениците може да држат две моливчиња и да го имитираат начинот на свирење или да свират на ударните инструменти во кабинетот.

**Активност 3**
**Наставникот прикажува визуелна презентација со удирачки инструменти, а учениците ги опишуваат: формата, изгледот, материјалот од кој се изработени. Со помош на наставникот ги класифицираат на мелодиски и на ритмички.**

***Завршен дел:***



**Активност 4**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за тоа каков вид музика може да се изведува со удирачките инструменти. Наставникот презентира звучни примери од различни видови музика во кои има удирачки инструменти.
**Активност 5**
Преку дискусија се споредуваат трите групи инструменти: жичени, дувачки и удирачки.
**Активност 6**
Се пополнуваат материјалите за учење за утврдување на содржината и поимите.

***Рефлексија***
Со кои инструменти се запознавме денес? На кој начин се добива звукот?

**Средства**
Слики, табла, уред за слушање музика, проектор.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.



# ОРКЕСТАР

**Содржини и поими**
**Музички инструменти и гласови** (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)
**Стандарди за оценување**
Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно извучно.



***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**
Преку активности за утврдување (квиз, дигитални содржини, поставување прашања), се утврдуваат изучените групи инструменти. Учениците ги набројуваат, ја опишуваат формата, начинот на свирење, звукот и ги споредуваат групите меѓусебно.
**Активност 2**
Преку играта во парови *Пантомима*, еден ученик прикажува инструмент според начинот на свирење, а другиот ученик погодува, па се менуваат улогите. Учениците се поттикнуваат да прикажат различни начини на свирење во рамките на една група (виолина – контрабас, флејта – труба и сл.).

***Главен дел:***

**Активност 3**
Преку игра со букви (зборле, бесилка, извлекување букви од кутија и сл.), се открива поимот оркестар. Учениците објаснуваат што означува, а наставникот ги надополнува, со тоа што напоменува дека сите изучени инструменти можат да изведуваат дела напишани за еден инструмент, за неколку инструменти, но кога сите групи инструменти заедно изведуваат композиција, тоа се нарекува оркестар (симфониски). Постојат и оркестри само од дувачки или само од гудачки инструменти и сл.
Наставникот презентира видеопример за утврдување на групите инструменти.

**Равел:** ***Болеро***
https://youtu.be/E9PiL5icwic?si=wBLrAR9xKrCCEIWi

При проследувањето на примерот, наставникот ги покажува инструментите во кадар на видеопримерот, а учениците наведуваат во која група спаѓаат. По проследувањето, се коментира за темпото и за динамиката (како композицијата звучи на почетокот, на средината и на крајот, дали се менува темпото и динамиката).

**Активност 4**

Учениците проследуваат цртан филм со музички инструменти.

https://youtu.be/xiA6qe5S2wU?si=X0irTOWY5UGv6jzG

***Завршен дел:***

**Активност 5**

Учениците ги пополнуваат материјалите за учење за утврдување на содржините и поимите.

***Рефлексија***

Која композиција ја слушавме денес? Кои групи инструменти ја изведуваат композицијата?

**Средства**

Слики, табла, уред за слушање музика, проектор.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.



# ПЕТРЕ И ВОЛКОТ – С. ПРОКОФЈЕВ

**Содржини и поими**
**Музички инструменти и гласови** (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)
**Стандарди за оценување**
Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за омилените приказни: Која приказна ви е омилена? Што се раскажува во приказните? Какви ликови има во нив? Потоа им објаснува на учениците дека има и музички приказни во кои инструментите раскажуваат.



***Главен дел:***



**Активност 2**
Наставникот ги насочува учениците кон музичката приказна *Петре и волкот* од композиторот Сергеј Прокофјев. Им објаснува дека тоа е приказна каде што има раскажувач и оркестар (инструменти), кои ги претставуваат ликовите во музичката (симфониската) приказна. *(Намерата на композиторот била да ги научи децата како да слушаат симфониска музика и како да ја разберат нејзината содржина.)* Наставникот го презентира видеопримерот и паралелно го чита текстот *(во видеопримерот е на англиски; на местото на нараторот се намалува звукот и чита наставникот).*

***Петре и волкот*** **– С. Прокофјев**



*https://www.youtube.com/watch?v=9ueGfjBKbiE&t=1s*

***(Текст на нараторот)*** *Ова е приказната за Петре и волкот. Секој лик е претставен со инструмент: птица – флејта, патка – обоа, мачка – кларинет, дедо – фагот, волк – три хорни, ловци – тимпани, Петре – жичени инструменти.*
*Едно утро, Петре ја отвори портата во дворот и тргна да си игра на големата зелена ливада. Патката, која беше во близина, набрзина избега од дворот и замина во барата, затоа што многу сакаше вода. Додека патката пливаше во барата, на гранката на дрвото безгрижно пееше малечка птица, која беше пријателка на Петре, со која се дружеше секојдневно. Одеднаш, се појави мачката и кога ја виде малечката птица си помисли: „Каков вкусен залак!“ Не чекаше долго, се качи на дрвото за да ја фати птицата, ама Петре ја предупреди птицата. Таа полета и ја праша патката:*
*„Каква птица си ти кога не можеш да леташ?“ Патката ѝ одговори „А каква птица си ти кога не можеш да пливаш?“*



*Наскоро, дојде дедото за да го однесе Петре во дворот, затоа што можеше да дојде волкот. „Не се плашам од волкот“, рече Петре, но бидејќи беше послушно дете, влезе во дворот. Само што влегоа во дворот, се појави волкот. Беше голем и сив. Патката веднаш излезе од барата и почна да трча кон дворот, ама волкот ја зграпчи. Петре се качи на дрвото. Се договори со птицата како да го фатат волкот, па донесе коноп, со кој птицата го заврза волкот за дрвото. Дојдоа и ловџиите и го видоа заврзаниот волк. Од неговиот стомак уште се слушаше звукот на патката. Петре ги замоли ловџиите да ја спасат патката, а волкот да го однесат во зоолошката градина. Ловџиите го послушаа доброто дете Петре и го оставија волкот да живее. Ја спасија патката која можеше да си игра со своите пријатели на прекрасната ливада со дрвја и бара.*



**По завршувањето на композицијата, наставникот ги насочува учениците да ги искажат своите впечатоци: Дали ви се допадна музичката приказна? Со кои инструменти беа прикажани ликовите? Дали ви се допадна како инструментите раскажуваат?**

***Завршен дел:***



**Активност 3**

Учениците цртаат цртеж за дел од приказната кој им оставил најсилен впечаток.

**Активност 4**

Учениците ги пополнуваат материјалите за учење.

***Рефлексија***

Која композиција ја слушавме денес? Кој ја изведува композицијата? Кои се ликовите во музичката приказна и како беа прикажани?

**Средства**

Слики, табла, уред за слушање музика, проектор.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.



# ХАРМОНИКА

**Содржини и поими**
**Музички инструменти и гласови** (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)
**Стандарди за оценување**
Препознава хармоника и гитара, визуелно и звучно.



***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот ги насочува учениците дека ќе се запознаат со еден инструмент, а за кој инструмент се работи ќе откријат преку активноста *Детективи*. Учениците се делат во 3 до 4 групи. Во секоја група се испрашува еден ученик, избран со броеница, со кој наставникот претходно споделил фотографија од инструментот хармоника. Учениците поставуваат прашања (за формата, големината, звукот, начинот на свирење и сл.), а ученикот одговара со **да** и **не**. Наставникот им помага на учениците при формулирање на прашањата и ја координира играта. Активноста има натпреварувачки карактер – која група прва ќе го открие инструментот. Потоа се дискутира за текот на играта, за клучните прашања и за решението.

***Главен дел:***

**Активност 2**
Наставникот презентира визуелна презентација за инструментот хармоника. Учениците ја воочуваат и ја објаснуваат формата, начинот на свирење. Наставникот дообјаснува за начинот на свирење и дека хармониката е дувачки инструмент со клавијатура. Иако не се дува воздух директно во инструментот, звукот се добива со движење на мевот во кој се движи воздух. Доколку има услови, наставникот може да прикаже на самиот инструмент.

**Активност 3**
Наставникот презентира видеопримери за учениците да ги воочат: начинот на свирење, звукот и видовите музика кои се изведуваат на хармониката.

Тома Прошев: *Моето коњче*
https://www.youtube.com/shorts/TcKVO91u9DY

**Тема од филмот *Пиратите од Карибите*: „Тој е пират“**
https://www.youtube.com/watch?v=CgCMBFcifVE

**Пјацола**: ***Либертанго***
https://www.youtube.com/watch?v=elYSQkTWfTw&ab_channel

**Најдоброто од класичната музика на хармоника**
https://www.youtube.com/watch?v=2qDCQ3S2Ajo

**Милан Завков** (**македонски ора по избор на наставникот**)
https://www.youtube.com/watch?v=t4z2CktMWSo

**По проследувањето на примерите се води дискусија за начинот на свирење**, **видот на музиката која се исполнува**, **звукот и сл**.

***Завршен дел:***

**Активност 4**
Доколку има услови, наставникот организира средба со инструменталист – хармоникаш. Учениците ги воочуваат начинот и техниката на свирење, поставуваат прашања (интервју) и заедно пеат песни или играат оро.
**Активност 5**
Учениците ги пополнуваат материјалите за учење за утврдување на содржините и поимите.

***Рефлексија***
Со кој инструмент се запознавме? Какви видови музика се изведуваат со хармониката?

**Средства**
Слики, табла, уред за слушање музика, проектор.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ТАМБУРА,ЧИФТЕЛИЈА И ЌЕМАНЕ

**Содржини и поими**

**Музички инструменти и гласови** (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане)

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу тамбура/чифтелија и ќемане, визуелно.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**

Преку визуелна презентација, наставникот презентира множество на инструменти (класични, детски и народни). Ги поттикнува учениците да ги класифицираат според видот на музиката која ја изведуваат. Се дискутира за тоа како некои класични инструменти можат да интерпретираат различни видови музика (слушање звучни примери од претходните часови). Но, се потенцираат народните инструменти и нивната улога во фолклорната музика.

***Главен дел:***



**Активност 2**

Наставникот им ја најавува на учениците „Приказната за трите инструменти“. Го чита предложениот текст или создава свој текст.

*Си биле три инструменти. Најголема била тамбурата, која имала жици на кои се свирело со перце (трзалка). Таа имала тело во крушковидна форма и врат на кој се протегале жиците. Нејзината другарка од маало била чифтелијата. Таа била многу помала, иако биле многу слични со тамбурата. Тоновите од нејзините звуци биле повисоки. Тамбурата имала помал брат, ќемане. И ќемането било скоро колку чифтелијата и имало жици, ама на жиците се свирело со гудало. Овие три народни инструменти везден си свиреле народни песни и ора и ги веселеле сите околу себе. И така среќно си свиреле...*

Наставникот презентира видеопримери од трите инструменти и според текстот ги насочува учениците да ги откријат инструментите од приказната.

**Драган Даутовски на тамбура**

(фрагменти по избор на наставникот)

https://youtu.be/x2CZ3_f1Vy8?si=jFKxKH1LcbJ6yNxB

**Doruntina Rexhepi/ Доpунтина Реџепи**
(**изведба на чифтелија**)
https://youtu.be/2IBf98lli-k

**Досе, изведувач на ќемане**
https://youtu.be/6QkfDX4AwO0?si=x8krLcv0WwsX9fvI

**По проследувањето на видеопримерите, се дискутира за формата, начинот на свирење, потеклото на инструментите и сл. Се воочуваат сличностите и разликите.**

**Активност 3**
**Наставникот им објаснува на учениците за потеклото на инструментите и за начинот на изработка кој се пренесувал по пат на усно предание. Го презентира документарниот филм за изработка на ќемане (фрагментарно), а учениците ги воочуваат и ги опишуваат фазите на изработка и природните материјали кои се употребени.**
**Документарен филм за изработка на ќемане**
https://youtu.be/mgyTlvE0B1A?si=OSyQnXdaiZF_bX9j

***Завршен дел:***

**Активност 4**
Учениците ги пополнуваат материјалите за работа за утврдување на содржината и поимите.

***Рефлексија***
Со кои инструменти се запознавме денес? Кој е најголем, а кој најмал инструмент (од тамбура, чифтелија и ќемане)? Од какви материјали се изработуваат овие инструменти? Каков вид музика исполнуваат?

**Средства**
Слики, табла, уред за слушање музика, проектор.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.





# МУЗИЧКИ ИГРИ

**Содржини и поими**

**Музички игри** (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дводелен, триделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет)

**Стандарди за оценување**

Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет).

Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри.

***Сценарио за час***

***Воведен дел:***

**Активност 1**

Наставникот ги поттикнува учениците да наведат наслови на народни песни. Се води дискусија од каде ги научиле песните, какви се карактерот и содржината, дали често ги слушаат, дали ги расположуваат. Наставникот дообјаснува дека народните песни и ора потекнуваат од многу одамна и дека се пренесувале по пат на усно предание (го објаснува поимот). Затоа, треба да се негува нашиот музички фолклор (песни, ора, народни инструменти, обичаи), нашето најголемо богатство. Исто така, наставникот дообјаснува дека треба да ги запознаеме и да ги почитуваме културните вредности на другите народи.

***Главен дел:***

**Активност 2**

Наставникот презентира звучни примери – народни песни, предложени во Програмата. Ги насочува учениците да изберат една песна која најпрво ќе научат да ја пеат, а потоа да осмислат кореографија. Учениците избираат, дискутираат за содржината. Потоа песната се обработува по слух.

**Активност 3**

Учениците даваат идеи за кореографија. Може да се поделат во групи (пејачка група, играорци и инструменталисти; доколку има услови, може да се обезбеди тапан, тарабука или дајре). При осмислувањето на кореографијата, може да се вметне и драматизација според содржината на песната. Наставникот им помага во конципирање на идеите и ги поттикнува сами да ги осмислат креативните решенија. Се прави план (сценарио) за изведбата. При увежбување и изведување на кореографијата, наставникот им дава насоки на учениците да го следат карактерот на песната, да пеат и да се движат во соодветен ритам.

**Активност 4**
**Наставникот ги поттикнува учениците подготвената кореографија јавно да се изведе (патронен празник, приредба и сл.). Се дискутира за подготовка на костими (елементи од народна носија).**

**Активност 5**
Наставникот ги поттикнува учениците да изработат книга/пано „Богатството на нашите предци“, во кои преку илустрации и текст ќе ги претставаат песните/ората и инструментите.

*Забелешка: Дел од активностите може да се реализираат на слободните ученички активности или да бидат во рамките на интегриран ден (ФЗО, Ликовно образование и др.).*

***Завршен дел:***

**Активност 4**
Учениците ги пополнуваат материјалите за учење за утврдување на содржините и поимите.
**Активност 5**
Наставникот им дава насоки на учениците во своето слободно време да поразговараат со повозрасни лица од своето опкружување за народните песни, ора и инструменти и да ги замолат да им испеат неколку народни песни.

***Рефлексија***
Која активност ви се допадна најмногу? Зошто? Која народна песна ви е омилена?

**Средства**
Уред за слушање музика, проектор, хамер, прибор за пишување и цртање.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ВИДОВИ МУЗИКА

**Содржини и поими**
**Видови музика** (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор)
**Стандарди за оценување**
Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика.

Наведува најмалку еден композитор на класична музика.

*Сценарио за час*



*Воведен дел:*

**Активност 1**
Преку *Бура на идеи*, наставникот ги поттикнува учениците да ги споделат насловите на омилените композиции. Учениците дискутираат за видот на музиката, за карактерот на композициите, за начинот на изведба и сл. Потоа композициите се категоризираат според видот на музиката (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика).



**Активност 2**
Наставникот презентира неколку звучни примери (фрагменти) од различни видови музика и ги поттикнува учениците да танцуваат според карактерот на композицијата. Учениците дискутираат за карактерот и за соодветниот начин на танцување.

*Главен дел:*

**Активност 3**
Наставникот презентира звучни примери од различни видови музика. Учениците ги препознаваат и ги запишуваат во материјалите за учење. Притоа, ги запишуваат основните податоци за композициите, а пишуваат и сопствена забелешка за секојакомпозиција.

**Моцарт: *Мала ноќна музика*, 1 став, алегро фрагмент**
https://youtu.be/UzEX0-nwN4Y?si=U49XS66AWuS0Qy3I

***Книга за џунглата – Могли***
https://youtu.be/CkSgqAOwUtw?si=wBXiBZ6ECRH5aSDT

***Јовано, Јованке* – Тоше Проески**
https://youtu.be/Z8bRVeZ91IM?si=GCHWNB2c4FmNeqqs

***Пролет* – Калина Јорданоска *(Поточиња)***
https://www.youtube.com/watch?v=4YFwnu2qihQ



**Активност 4**

**Наставникот ги насочува учениците кон дискусија: Каков вид музика најчесто слушате? Каква музика најмногу ве развеселува? Дали слушате музика секојдневно? Колку народни песни знаете? Која музика од анимиран филм најмногу ви се допаѓа? Колку детски песни знаете? За што се пее во детските песни? Се дава заклучок дека музиката го разубавува секојдневието и дека треба да се слуша секојдневно.**

**Активност 5**

**Наставникот ги поттикнува учениците да создадат своја кратка песна. Се разговара за текстот, односно** за тоа **каков текст треба да имаат детските песни. Учениците создаваат краток текст и импровизираат кратка мелодија.**

*Забелешка: Наставникот може да избере песни и по свој избор од Програмата, меѓутоа да бидат застапени сите видови музика.*



***Завршен дел:***

**Активност 6**

Наставникот им дава насоки на учениците во слободното време да разговараат со повозрасни лица од своето опкружување за тоа какви песни слушале и пееле кога биле деца. Тоа може да биде како интервју од неколку прашања.

**Активност 7**

Наставникот ги поттикнува учениците да напишат наслов на една омилена композиција од секој вид музика. Потоа се дискутира за изборот и се избира композиција која ја напишале најголем број ученици.

***Рефлексија***

Кои композиции ги слушавме денес? Кој вид музика е секоја од нив?

**Средства**

Табла, уред за слушање музика, проектор.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

**Содржини и поими**
**Вовед во пеење и свирење по нотен запис** (тонови: сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам – четвртина нота, четвртина пауза, тактирање)
**Стандарди за оценување**
Изговара со тактирање и свири на ритмички инструменти елементарни ритмички вежби со четвртини ноти и паузи.

Пее со тактирање и свири на мелодиски инструменти елементарни мелодиски вежби со изучените тонови и четвртини ноти и паузи по нотен запис.

# СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Со насоки од наставникот, учениците ги распоредуваат детските инструменти во две групи – ритмички и мелодиски (Орфов инструментариум или инструменти изработени од природни материјали). Дискутираат за начинот на добивање звук.
**Активност 2**
Се изведуваат вежби за расвирување. Најпрво, еден од учениците свири ритмички модел со ритмички инструменти, а другите повторуваат. Потоа, во низа, секој ученик изведува нов ритмички модел, а другите повторуваат.
Со мелодиските инструменти, учениците се расвируваат со свирење на низа од изучените тонови и со увежбување на правилна техника на свирење.

***Главен дел:***



**Активност 3**
Наставникот презентира нотен пример – аранжман и го објаснува начинот на свирење. Најпрво, делниците се увежбуваат одделно, а потоа сите делници заедно, по неколку такта.
Аранжманот се изведува целосно. Се дискутира за начинот на изведба, учениците даваат предлози (тивко – гласно, бавно – брзо, поврзано – отсечно). Се свири на неколку начини, а учениците дискутираат кој начин звучи најдобро.
Аранжманот се изведува во помали групи и со различни комбинации на инструменти. Доколку нема мелодиски инструменти, мелодиската линија се пее или се свири на пијано или на друг инструмент.

***Завршен дел:***



**Активност 4**
**Секоја група настапува со своја изведба. Сите ученици гласаат за да се избере најдобра изведба, а притоа дискутираат зошто најмногу им се допаднала изведбата (меѓусебно оценување). На крајот на часот, сите ученици заедно го изведуваат аранжманот. Се препорачуваат и кратки јавни настапи (пред друго одделение или за време на одморот пред други ученици).**

***Рефлексија***

Како се делат детските инструменти? Која активност ви се допадна најмногу?

**Средства**



Детски мелодиски и ритмички инструменти, проектор.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

1



2



# МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

**Содржини и поими**

**Вовед во пеење и свирење по нотен запис** (тонови: сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам – четвртина нота, четвртина пауза, тактирање)

**Стандарди за оценување**

Пее со тактирање и свири на мелодиски инструменти елементарни мелодиски вежби со изучените тонови и четвртини ноти и паузи по нотен запис.

Ги употребува виолинскиот клуч и изучените тонови во сопствениот нотен запис.

**_Сценарио за час_**

**_Воведен дел:_**

**Активност 1**

Преку активности изготвени од наставникот за утврдување и повторување (дигитални содржини, изготвени картички со тонови, визуелни презентации), учениците повторуваат за местоположбата на изучените тонови во петолинието.

**_Главен дел:_**

**Активност 2**

Наставникот ги презентира мелодиските вежби. Се дискутира за тоновите, за движењето на мелодиската линија и за траењето на нотите (четвртина нота и пауза). Вежбите се пеат парлато, па мелодиски, со придружба (пијано или друг инструмент). Наставникот дава насоки за правилно тактирање и прецизна интонација. Вежбите се пеат групно, индивидуално, ехо повторување на мотиви и сл. Се пеат на различни начини (тивко – гласно, брзо – бавно, отсечно – поврзано). Мелодиските вежби може да се свират со детски музички инструменти.

**_Завршен дел:_**

**Активност 4**

Наставникот им дава насоки на учениците за воочување и за запишување мелодиска линија во тетратките (диктат). Им објаснува на учениците од колку такта ќе биде диктатот и во секој такт колку тактови времиња (со четвртини ноти и паузи). Ја пее мелодиската линија на неутрален слог, а учениците ја воочуваат и ја запишуваат со соодветни тонови во тетратките. По запишувањето, диктатот се пее или се свири со детски мелодиски инструменти.

***Рефлексија***

Кои тонови ги утврдивме денес? Каде се пишуваат во петолинието? Која активност ви се допадна најмногу?

**Средства**

Табла, проектор, пијано (или друг инструмент).

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

1. 

2. 

3. 

4. 

5. 

6. 

7. 

# МУЗИЧКИ ИГРИ

**Содржини и поими**

**Музички игри** (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дводелен, триделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет)

**Стандарди за оценување**

Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.

Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри.

**Сценарио за час**



**Воведен дел:**

**Активност 1**

Наставникот презентира звучни примери од различни видови музика и различни танци и игри кои учениците ги знаат од претходно (валцер, марш, оро, рокенрол и сл.). Учениците го препознаваат видот на музиката и танцуваат според карактерот на композицијата (самостојно, во пар, во група).

**Главен дел:**



**Активност 2**

Учениците се наредени во круг, покрај клупите. Пред секој ученик има лист и прибор за цртање. Наставникот презентира класична музика по избор. Кога ќе почне музиката, учениците цртаат по свој избор, искажувајќи ги впечатоците од музиката. Наставникот ја запира музиката (по 15 до 20 секунди), а учениците ротираат на другиот цртеж, продолжувајќи со цртањето на следниот цртеж. Активноста продолжува сè додека секој ученик не даде свој прилог во секој цртеж. На крајот се разгледуваат заеднички создадените цртежи и се прави изложба во училницата: *Музиката низ нашите цртежи.*

**Активност 3**

Секој ученик на подот пред себе има лист хартија или весник. Наставникот презентира музика, а учениците танцуваат според жанрот на музиката, секој на својот лист. Наставникот ја запира музиката и им дава насоки на учениците да го превиткаат листот на половина. Повторно танцуваат, но на помала површина, само на својот лист. Доколку стапнат надвор од листот, излегуваат од играта. Играта трае сè додека не остане само еден ученик, победник. Наставникот презентира различни жанрови, а учениците дискутираат за видот на музиката и танцуваат соодветно. Покрај тоа што се утврдуваат различните видови музика, оваа игра е погодна за координација на телото и за соодветно танцување.



**Активност 4**

**Два ученика држат јаже на одредена висина. Наставникот презентира различни видови музика, а останатите учениците танцуваат и во колона еден по еден поминуваат под јажето, без да го допрат со кој било дел од телото и без да престанат да танцуваат. Јажето се симнува пониско, а играта продолжува сѐ додека не остане само еден ученик, победник.**

**Активност 5**

**Со броеница се избира еден ученик. Наставникот презентира музички пример со кој учениците се запознале претходно. Музичкиот пример го слуша само избраниот ученик (на слушалки) и треба со пантомима да им го прикаже насловот на учениците. Истата активност може да се реализира и со да/не прашања (детективи). Учениците поставуваат прашања, а ученикот одговара со да и не.**

**Активност 6**

Наставникот презентира звучен пример и ги поттикнува учениците со движење на телото да го поддржат ритамот (body percussion). Се почнува со едноставни движења (плескање со рацете, марширање со нозете и сл.), а потоа се комбинираат сите движења во ритам. Учениците изработуваат цртежи за движењата и ги поставуваат како потсетник за кореографијата. Може да се користат и готови видеоматеријали, но и да се поттикнат учениците да создадат свои движења:

https://www.youtube.com/watch?v=OcKFWZgnADU (**пример**).



***Завршен дел:***

**Активност 7**

Наставникот им дава насоки на учениците во слободното време, преку разговор со повозрасни лица од опкружувањето, да истражуваат за музичките игри кои се играле во минатото. На тој начин ќе се обноват подзаборавените детски игри во кои има пеење и играње (броеници, обичајни игри и сл.).

*Забелешка: Музичките игри може да се изведуваат на повеќе часови со различни видови музика или како дел од часот како активности за загревање.*

***Рефлексија***

Која игра ви беше најинтересна? Зошто?

**Средства**

Уред за слушање музика, проектор, прибор за цртање, хартија, весник, јаже, слушалки.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

**Содржини и поими**
Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање)
**Стандарди за оценување**
Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти.
Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветни на карактерот на музиката.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот презентира музички пример, а учениците придружуваат со ритмички инструменти или со танцување. Наставникот ги насочува учениците придружбата да ги следи: ритамот, музичките изразни средства и карактерот на композицијата.

***Главен дел:***



**Активност 2**
Учениците се делат во групи. Во секоја група, секој ученик на картичка запишува мелодија од два такта (со изучените тонови, со четвртини ноти и паузи). Потоа се поредуваат тактовите, се избира редоследот кој најдобро звучи и се изведува мелодиската линија со пеење. Се додава и ритмичка придружба. Секоја група го изведува сопствениот аранжман и се избира најдобриот.
**Активност 3**
Учениците проследуваат видеопример кој може да се придружува со ритмички инструменти или со кликање или плескање со рацете.
Придружбата е прикажана со четвртини ноти и паузи. Се дискутира и за видот на музиката (од анимиран филм).
https://www.youtube.com/watch?v=X2CQAlbLLO0
**Активност 4**
Наставникот ги презентира видеопримерите како примери за начини на придружба. Учениците придружуваат со детски ритмички инструменти, со две моливчиња или со други предмети. Наставникот ги насочува учениците да го следат ритамот.
https://youtu.be/H1rFDZ5Lf3I?si=EA5KP7PscnS4t7Wh
https://www.youtube.com/watch?v=WHwxJC31jlo
https://www.youtube.com/watch?v=F80LKTinhJE
https://www.youtube.com/watch?v=Lw9YN1MuINw&t=25s



**Активност 5**
**Наставникот ги поттикнува учениците да изберат песна и да осмислат придружба според претходните примери. Придружбата може да ја претстават со четвртини ноти и паузи или со симболи (плескање со рацете, тропкање со нозете и сл.). Може да се користат и испечатени картички и да се подредат по редослед според осмислената кореографија. Учениците даваат идеи, ги поредуваат картичките со ноти или симболи и ја создаваат придружбата. Потоа ја изведуваат.**

**Активност 6**
**Учениците стојат во круг. Секој од нив кога ќе го слушне своето име од наставникот, треба со четири рамномерни чекори да влезе во кругот и на секој чекор да додаде движење со рацете (плескање, кликање и сл.). Додека се враќа назад во кругот, групата ги повторува движењата.**

*Забелешка: Активностите може да се реализираат на повеќе часови или да се интегрираат во дел од другите часови. Наставникот може да приспособи и други слични активности кои во себе содржат елементи на Орф-методот за слушање, танцување, пеење и свирење на детски музички инструменти, со што ќе се поттикне музичкото изразување и творење кај учениците.*

***Завршен дел:***

**Активност 7**
Наставникот ги насочува учениците да кажат една интересна реченица и со ритмички инструменти да ја „отсвират“, односно како се изговараат слоговите, така да се отсвири. Потоа ги поттикнува да додадат своја мелодија, да ја испеат реченицата. Ги насочува во слободното време, доколку имаат идеја, да создадат стихови и да додадат мелодија.

***Рефлексија***
Која активност ви беше најинтерсна?

**Средства**
Картички со петолиние, уред за слушање музика, детски музички инструменти, проектор.

**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# МУЗИЧКА ПРИКАЗНА

**Содржини и поими**
Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање)
**Стандарди за оценување**
Поврзува мелодија и ритам со движења.
Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Со насоки на наставникот, учениците дискутираат за омилените приказни: Кој им ги читал и раскажувал кога биле помали? Дали ги имаат гледано приказните како анимирани филмови? Дали во анимираните приказни има музика? Наставникот ги насочува учениците дека на една од омилените приказни заедно ќе создадат музика.



***Главен дел:***

**Активност 2**
Наставникот претходно избира една приказна („Црвенкапа“, „Снежана и седумте џуџиња“, „Пепелашка“ и сл.) и го приспособува текстот. Приказната им ја чита на учениците.
**Потоа ги дели во групи и на секоја група им дава по еден дел од приказната. Им дава насоки на учениците: еден ученик го чита текстот, може да се вклучи драматизација.**
**Со детски ритмички инструменти се прават ефекти (чекорење, ветер, дожд, шушкање – засилување на драмско дејство и сл.). Со детски мелодиски инструменти свират кратки мотиви кои одговараат на дејството.**
**Некои делови од текстот учениците може да ги пеат или да вметнуваат песни кои ги знаат и да осмислат кратка кореографија. Може да користат и делови од класични композиции според содржината на текстот (со помош на наставникот: валцер, свечен марш, дела со програмски карактер и сл.). Кореографиите и музичките делови треба да се вклопат со содржината на приказната, односно драмското дејство.**
**По завршувањето на работата во групи, секоја група настапува со својот дел. Учениците даваат повратна информација за секој од деловите, а наставникот со прашања ги насочува кон критичко мислење: Дали е добро направено? Што би смениле? Како да се спојат деловите во една целина? Која улога на кој ученик му одговара? Дали во целата композиција треба да има еден вид музика или да бидат застапени сите видови?**

**Со помош на наставникот, учениците ги запишуваат идеите за создавање музичка приказна каде што ќе се глуми, пее, игра и свири со инструменти. Се делат улогите и се разговара за костимите и за сценографијата. Ова може да биде и проектна активност во интеграција со други предмети и со вклучување на родителите во активностите. Продукт од проектната активност може да биде театарска претстава – мјузикл подготвена од учениците со насоки од наставникот. Најважно е учениците сами да даваат идеи и музички да се изразуваат и да создаваат.**

***Завршен дел:***



**Активност 3**
Со помош на наставникот, учениците изготвуваат сценарио со вметнување на сите сегменти (драматизација, пеење, свирење, кореографија). Наставникот ги поттикнува учениците да создадат костими и сценографија од еколошки материјали или со рециклирање.

**Активност 4**
Учениците ја вежбаат претставата и се подготвуваат за настап. Дел од активностите може да се реализираат на слободните ученички активности.
Исто така, може да се организираат работилници со родителите за изработка на костими и сценографија.

***Рефлексија***

Дали ви се допаднаа активностите? Во кој дел секој од вас може да даде најголем удел (пеење, свирење, драматизација, избор на музика, кореографија, сценографија, изработка на костими и сл.)?

**Средства**
Уред за слушање музика, проектор, еколошки материјали, материјали за рециклирање, детски инструменти.

**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# МОЈОТ МУЗИЧКИСПОМЕНАР

**Содржини и поими**
**Видови музика** (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор)
**Стандарди за оценување**
Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика.

Наведува најмалку еден композитор на класична музика.

***Сценарио за час***



***Воведен дел:***

**Активност 1**
Наставникот презентира звучни примери кои се слушале на часовите во текот на учебната година. Учениците ги препознаваат, наведуваат наслов, композитор и дискутираат за видот на музиката, карактерот, изразните средства.



***Главен дел:***

**Активност 2**
Наставникот ги поттикнува учениците да се присетат на изучените песни во текот на учебната година. Песните се пеат заедно, се изведува кореографија или се танцува слободно. Наставникот поставува прашања за музичките изразни средства, за содржината и карактерот на песните. Се пеат песни од различни видови музика.
**Активност 3**
Наставникот ги поттикнува учениците да наведат која музичка игра им беше најинтересна. Игрите се изведуваат со танцување, пеење и свирење.
**Активност 4**
Наставникот претходно изготвува квиз (дигитална форма со визуелни елементи за препознавање) за изучените поими во текот на учебната година. Учениците одговараат и дополнително дискутираат за содржините и поимите. Активноста може да има натпреварувачки карактер, индивидуално или во група. Исто така, и учениците меѓусебно може да си поставуваат прашања и да одговараат (во парови или во групи). Со усна повратна информација, наставникот ги насочува учениците правилно да се изразуваат при објаснување на музичките поими. Учениците меѓусебно се надополнуваат.

**Активност 5**
**Наставникот презентира аудиопримери од изучените инструменти, а учениците го воочуваат звукот, го запишуваат на картички и на даден знак** ги **креваат картичките.**
Се воочуваат одговорите и наставникот дава повратна информација.
**Активност 6**
**Учениците стојат во круг. Наставникот дава насоки за активноста за утврдување на местото на тоновите во петолинието. Додава сунѓересто топче на еден ученик и изговара еден тон. Ученикот го кажува местото на тонот во петолинието и го додава топчето на друг ученик и изговара друг тон. Играта продолжува додека сите ученици не одговорат барем по еднаш. Времето за давање одговор треба да се ограничи (на** пример, 5 **секунди) за активноста да има динамика, односно брзо да се размислува. Со помош на наставникот, наместо да се изговара, зададениот тон може и да се испее со точна интонација (или наставникот да свири на инструмент). Така, во исто време ќе се утврдат местоположбата и висината на тоновите.**

***Завршен дел:***



**Активност 7**
Учениците ги пополнуваат материјалите за учење за утврдување на содржините и поимите.

*Забелешка: Предложените содржини може да се работат на повеќе часови, но целта е утврдување на содржините и поимите со кои учениците се запознаа во текот на учебната година.*

***Рефлексија***
Што ви беше најинтересно на часот по Музичко образование оваа година? Дали имаше нешто што ви беше потешко? Кога ви беше најпријатно? Што би сакале за наредната година повеќе, а што помалку?

**Средства**
Слики, табла, уред за слушање музика, сунѓересто топче, проектор.

**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# Материјали за учење за учениците

(второ полугодие)



# ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1. **Заокружи ги дувачките инструменти.**



2. **Одговори на следните прашања:**

**Од каков материјал се изработени дувачките инструменти?**

**На кој начин се свири на дувачките инструменти?**

**Опиши ја формата на еден дувачки инструмент?**

**Наброј неколку дувачки инструменти.**

# УДИРАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1. **Одговори на следните прашања:**

**На кој начин се свири на удирачките инструменти**?

**Кои се мелодиски, а кои ритмички удирачки инструменти**?

**Наброј неколку удирачки инструменти.**

2. **Поврзи.**







Мелодиски удирачки инструменти

Ритмички удирачки инструменти






# ОРКЕСТАР

1. **Наброј ги групите на инструменти во симфонискиот оркестар.**

2. **Според бојата, воочи и напиши ја групата инструменти во симфонискиот оркестар.**



# ПЕТРЕ И ВОЛКОТ - С.ПРОКОФЈЕВ

1. **Поврзи ги ликовите од приказната со групата инструменти во која припаѓа инструментот кој ги претставува.**

| дувачки | удирачки | жичени |
|---|---|---|



2. **Обој ја боенката.**



# ХАРМОНИКА

1. **Поврзи ги точките за подобро да ја воочиш формата на хармониката.**




2. Опиши ги формата и начинот на свирење на хармониката.

# НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

1. **Напиши ги називите на инструментите.**







2. **Напиши ги сличностите и разликите помеѓу трите инструменти.**

*сличности* *разлики*

3. **Одговори на следните прашања:**

**Каков вид музика се изведува со овие инструменти?**

**Од какви материјали се изработени народните инструменти?**

# БОГАТСТВОТО НА НАШИТЕ ПРЕДЦИ

1. **Напиши писмо до непознато другарче во странство во кое ќе му раскажеш за богатството на нашите предци, поточно за народните песни, ора и инструменти. Опиши какви се песните според карактерот и според содржината. Напиши која е твојата омилена народна песна и што се раскажува во неа, кои народни инструменти ги знаеш, како се игра оро и др. Со помош на наставникот, можете да се запознаете со ученици од друго училиште во странство, да размените писма на оваа тема, па така и вие да дознаете за нивните песни, инструменти и ора.**



# ВИДОВИ МУЗИКА

1. **Пополни ја табелата со информации за композициите од различните видови музика.**



















| ***Наслов и композитор*** | ***Вид музика*** | ***Изведувач(и)*** | ***Карактер*** | ***Моја забелешка*** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

2. **Одговори на следните прашања:**



**Кој вид музика го слушаш најчесто?**

**Кој вид музика те разведелува најмногу?**

**Која е твојата омилена песна?**



**Дали слушаш музика секојдневно?**

# СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ









1. **Со насоки од наставникот, навежбајте го аранжманот.**

1



2



# МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

1. **Со помош на наставникот, испејте ги мелодиските вежби.**

1. 

2. 

3. 

4. 

5. 

6. 

7. 

# МУЗИЧКИ КРСТОЗБОР

1. **Реши го крстозборот.**




## Хоризонтално:

**3.** Народен жичен инструмент кој се спомнува во песната „Ајде слушај, калеш Анѓо“.

**5.** Состав во кој учествуваат сите групи инструменти.

**7.** Композиторот на музичката приказна „Петре и волкот“.

**8.** Народен жичен инструмент сличен на тамбурата, но многу помал.

**9.** Народен жичен инструмент со гудало.

**10.** Група инструменти во кои спаѓа инструментот дајре.

## Вертикално:

**1.** Композиторот на композицијата „Мала ноќна музика“.

**2.** Група инструменти во кои спаѓа инструментот труба.

**4.** Инструмент со клавијатура (и мев) .

**6.** Група инструменти во кои спаѓа инструментот виолина.

# Мојот музички споменар

Моето име е

а ова е мојот музички споменар

Мојата омилена пејачка е

Мојот омилен пејач е

Моите три омилени детски песни се:

Мојата омилена музичка група е

Моите три омилени народни песни се:

Најмногу сакам да ја слушам музиката од анимираниот филм

Моите три омилени класични композиции се:

Најмногу танцувам на песната/композицијата

Омилена музичка игра

Мојата омилена песна е

Музиката за мене претставува

Прирачник по музичко образование за трето одделение

Издавач: Биро за развој на образованието

Уредник: Абдулфета Фетаи

Автор:
м-р Павлинка Вељаноска

Стручна поддршка:
м-р Иванка Мијиќ, координатор
Рајмонда Незири, координатор
Невена Бошковска
Горан Стојанов
Флора Бесими
Гордана Цветковска

Лектор: Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање - Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016(035)

ВЕЉАНОСКА, Павлинка
Прирачник по музичко образование за трето одделение [Електронски извор] / Павлинка Вељаноска. - Скопје : Биро за развој на образованието,
2024

Начин на пристапување (URL):
https://brogovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/bro_macedonia_bro_gov_mk/ER0RFu6448tEpuqQV1zfs2cBOUxG5ehRj4ny3GlkFQlUKA?e=oeF69G.
- Текст во ПДФ формат, 106 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.04.2024

ISBN 978-608-206-133-7

COBISS.MK-ID 63540485